# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

## од Шестото продолжение на Шестата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 9 октомври 2006 година

Седницата се одржа во Собранинето на Република Македонија, сала 1, со почеток во 12,02 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше господин Љубиша Георгиевски, претседател на Собранието на Република Македонија.

**Љубиша Георгиевски:** Ги молам пратениците да влезат во салата и да седнат на своите места.

Продолжуваме со работа по Шестата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Фијат Цаноски, Ристо Пенов, Благородна Цветковска, Владо Бучковски, Зоран Витанов, Абдуладии Вејсели, Даут Реџепи, Мендух Тачи, Арбен Џафери, Данаил Дончев и Љубчо Георгиевски, ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

Продолжуваме со работа по точката два - Предлог закон за полиција.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Продолжуваме со претрес по амандманот на член 65 став 3, поднесен од пратеникот Роза Топузова Каревска.

Има збор господин Незири Сафет. Повелете.

**Сафет Незири:** Ви благодарам господине Георгиевски, почитувани пратеници,

Уште минатата недела и во петокот расправавме нашироко за овој дел од членот 65 за снимање на јавни места и навистина има една голема тежина овој член во однос на интервенцијата од страна на Роза Топузова Каревска во насока на подобрувањето и на тоа што е одговорност од страна на институцијата на полицијата, што е составен дел на Министерството за внатрешни работи. Мислам дека овој амандман треба да се поддржи, бидејќи ја поддржува полицијата да ја извести јавноста навреме. Со известување навреме на јавноста со овој амандман, каде што реченицата може да се замени со “должна е”, ни укажува дека делумно ја ограничува дејноста, стручната дејност на полицијата во насока каде што мисли дека треба да развива своја предвидена активност според агендата на полицијата.

Исто така, во целост гледано членот 65, имајќи го предвид и амандманот на госпоѓа Каревска, каде што се вели дека е должна да интервенира со овој поднесен амандман, навистина можеби требало да се интервенира и малку поинаку со дополнителни амандмани, каде не се предвидува, доколку припадниците на полицијата или структурите на полицијата кои се занимаваат непосредно со снимањето на јавни места, а кое е должно да го направи соопштението, на пример, не се предвидува некоја санкција по однос на некој припадник на полицијата, доколку дејноста на полициските структури е во тек на активноста, да постапи незаконски. Значи, немаме санкции во овој член од Предлог законот за полиција. Зборот “може” во реченицата не ја задолжува полицијата да го оствари или да ја извести пошироката јавност околу тоа дали треба или не треба да се соопшти средината или тие граѓани или жители во едно одредено место дека ќе има снимање на некоја критична состојба, каде што според предлагачот на овој закон може да го предвиди самата полиција, бидејќи само по себе ова не е добро дефинирано. Треба да се дефинира каде може или каде не може да се одвива таква активност, бидејќи самата реченица “јавни места”, е во спротивност и начелно со тоа, се додека не се дефинира местото, позицијата што се подразбира под јавни места. Тие јавни места, според предлагачот, се на овој закон и на овој член, каде што се интервенира од Каревска со свој амандман, каде што “за тоа е должна”, треба да се дефинира “под што се разбира јавни места”, така што дали тоа се урбани места, на пример, плоштади, градови или јавно место можат да бидат и населени места со жители кои се на периферијата на градовите, или на рурални места или во селски подрачја. Ова значи дека самиот член како член е несфатлив и не случајно се интервенира со амандман. Недефинирањето или самата позиција која е оставена еднаш, една состојба дека треба да се соопшти пошироката јавност, за едно вакво соопштение, кое претходно го спомнав, може да дојде до злоупотеба на институциите на полицијата во насока на снимање, а може да дојде и до една дамкосување на самата институција полиција. Имаше во минатото во таа насока често пати, не во Македонија, туку пошироко, доаѓа до злоупотреба на полицијата, снимајќи со дефиниција одредени места, не случајно можеби снимките направени и на места кои не биле предвидени со агендата на полицијата. Значи, треба да се изнајде механизам за надминувањето на овие негативни појави. Претставникот на Министерството за внатрешни работи треба да ги земе предвид во однос на подобрувањето на овој член и став во целина во иднина. Ова се забележува и минатата недела, посебно во петокот каде околу овој амандман,еден голем број пратеници дискутиравме и расправавме со наши забелешки и сугестии дека треба навистина да имаме еден закон и член, се разбира, квалитетен. Јас укажувам до Министерството за внатрешни работи, покрај сите овие предложени амандмани, каде што се интервенира за доброто на овој закон, претставникот на Министерството за внатрешни работи, не виде попатно да ги прифати овие амандмани, само во случај кога ќе биди дека состојбата се одолговлекува со расправи и дебати само во тие дадени моменти претставникот на Министерството за внатрешни работи ги прифаќа предложените амандмани. Мислам дека самата интервенција со овие амандмани и широката расправа околу овој Предлог закон, од страна на пратениците во овој Парламент, јасно се гледа дека овој закон не ги

има своите потребни квалитети и не им одговара на европските норми за да биде функционален и во однос на мултиетничките барања на едно мултиетничко општество, како што е Република Македонија, за да може да одговори на секој граѓанин, за да биде прифатлив како негов закон. Ви благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Нека повели Селмани Ајше.

**Ајше Селмани:** Благодарам.

Почитуван господине Георгиевски, почитувани пратеници.

По дискусијата на мојот колега, би сакала и јас на еден начин да го дадам моето мислење околу предложениот амандман. Во однос на членот 65 од овој Предлог закон за полиција, а посебно во ставот 3 каде што се вели, намерата за спроведување на снимање на јавните места и собири пред започнување со активноста, полицијата може јавно да ја соопшти. Според мое мислење, овој амандман треба да се прифати поради причината, бидејќи вака како што е предложен со овој предложен текст кој го прочитав претходно, е некако апстрактен и истовремено неприфатлив за нас. Значи, за сета наша парламентарна група е неприфатлив. Јас велам дека овој амандман би било подобро да се прифати од страна на предлагачот на законот. Од друга страна, исто така, мислам дека еден друг збор, како што е зборот "е должен", наместо зборот "може", би оставил простор да се разбере на поинаков начин сето ова. Имајќи го предвид зборот "е доллжен", наместо зборот "може", по се изгледа го конкретизира овој член, предложен од госпоѓа Роза Топузова Каревска.

Исто така, сакам да подвлечам еден друг факт. По се изгледа, според мое мислење, би ги замолила предлагачите на амандманите да не ги повлекуваат предложените амандмани и да не се предадат толку лесно, само да добиеме во време и што побрзо да завршиме со овој закон. Да не брзаме, бидејќи, навистина, се работи за еден закон од големо значење. Затоа, ние не случајно за цело време расправаме околу овој Предлог закон. Околу овој и многу други амандмани многу расправавме затоа што овој Предлог закон не кореспондира воопшто со нашето општество и државата во која живееме. Концептот на член 65 од овој Предлог закон не би бил воопшто целосен, доколку не се додадеше и овој предложен амандман. Затоа, мислам и би сакала сите мои колеги пратеници, да го поддржат овој предложен амандман. Ви благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Господин Јашари Аднан, повелете.

**Аднан Јашари:** Ви благодарам.

Како што се рече од колегите и во текот на петокот, но и денес, се продолжува со оваа расправа и се говори за еден амандман со кој се сака да се измени еден збор во став 3 од член 65. Но и покрај тоа, менувајќи го овој збор, кој е предвиден во предложениот амандман, повеќе е од евидентно дека се менува и концептот или се менува целта, намерата која е нормирана во став 3 од член 65. Во член 65 каде се говори за снимање на јавни места во став 1 каде се дефинира што се подразбира под снимање на јавни места, додека во ставот 3 се говори за намерата или за настојувањето на спроведување на снимање на јавните места и собири пред започнување со активноста. Во оваа насока, како што е нагласено во овој став, на полицијата и е дадено една факултативно право независно да одлучи и нормално независно дали ќе ги соопшти за оваа цел пошироката јавност, се разбира, преку одредени соопштенија или нема да ги информира за тоа. Амандманот за кој говориме предлага полицијата за остварувањето на своето настојување за снимање на јавни места и собири пред започнување со активноста , не да може, туку да се задолжи за ова да ја соопшти јавноста. Значи, со овој амандман се заменува зборот "може" со "е должна". Јас ценам дека пред почнувањето на остварувањето на оваа активност, полицијата е добро да ја соопшти јавноста за својата намера, бидејќи преку оваа измена во овој став, овластувањето на полицијата или ова овластување за снимање на јавни места, нема да остане како тајна, туку за него полицијата ќе биде должна да ја соопшти преку одредени соопштенија јавно пошироката јавност. Затоа ќе гласаме за овој предложен амандман. Ви благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Господинот Рафис Алити, повелете.

**Рафис Алити:** Ви благодарам за зборот.

Јас уште на почетокот ќе кажам дека минатата седмица, иако неколку пати нашите пратеници побараа процедурална забелешка од страна на претседавачот на седницата, не им се даде збор, така што мислам дека се прекршува членот 85 од Деловникот на Собранието на Република Македонија. Не им се дава збор тогаш кога бараат процедурална забелешка пратениците, меѓутоа, како и да е работиме во овие услови во кои што работиме во Собранието. Токму поради тоа што побаравме кога се гласа бројот на тие што гласаат, ако биде 60 или блиску 60, да се верификува тоа дека на седницата учествуваат над 60 пратеници. Меѓутоа, ниту такво наше барање не се почитува на минатата седница, така што ова не тера како парламентарна група да бараме поддршка и од другите парламентарни групи. Се разбира, они ќе ни дадат поддршка во иднина да бараме со Меѓународен мориторинг да се следи работата на Собранието. Затоа што, тука не се почитуваат процедурите итн.

Имаме уште една друга забелешка до Владата, бидејќи пуштиле еден леток во весникот "Дневник", значи Еврпски закон за Европска Македонија. Тоа е леток кој што ние го почитуваме, меѓутоа не е во ред ова да се пушти само на еден јазик, затоа што во минатото Владата секогаш ги пуштала овие летоци и на албански јазик и се разбира на јазикот на кој

зборуваат граѓаните кои живеат во Република Македонија, значи на другите заедници. Факт е дека Македонија и личи на Европа, меѓутоа Стразбург и Брисел кога пуштаат вакви летоци ...

**Љубиша Георгиевски:** Вие сега говорите процедурална прашања.

**Рафис Алити:** Бидејќи, не давате збор за процедурално, јас дојдов и земав збор овде, за да ги соопштам овие две работи. Сега, ќе зборувам и за законот.

**Љубиша Георгиевски:** Секогаш давам збор кога ќе се побара пристојно.

**Рафис Алити:** Ќе говорам и за законот, меѓутоа, малку порано реков дека вие не ги испочитувавте нашите барања кога побаравме процедурална забелешка. Токму поради тоа, еве уште еднаш ќе повторам дека ние ќе бараме поддршка од другите парламентарни групи, бидејќи се прекршува процедурата, не се верификува колку пратеници се присутни во салата кога се гласа еден амандман или закон. Тогаш, ние сме принудени да бараме меѓунаро ден мониторинг. Ова што го велам е вака, затоа што за летокот е само на македонски јазик и Владата се обраќа само на македонското население, а не и на другите граѓани на Република Македонија. Нешто што ние цениме како парламентарна група дека не е во ред. Ова се нашите забелешки.

Сега, ќе поминам на расправа на амандманот кој што е предножен. Ние како парламентарна група навистина мислиме дека пратеничката Роза Топузова Каревска има потполно право што бара тоа да биде обврзувачко кога се снима јавно место или јавен собир, зошто да биде задолжително и граѓаните да знаат. Покрај другото, мислиме дека тоа ќе биде превентива за сите оние што сметаат дека може да има на тој собир неправилности. Самите граѓани ќе знаат, доколку тоа се снима, ќе служи како превентира за нив, за да не предизвикуваат проблеми или пак за да не се случи нешто недобро, што не е во прилог на самите граѓани кои ќе учествуваат на тој собир, меѓутоа потоа и на самото општество и нашата држава.

Токму поради тоа, мислиме дека госпоѓата министер треба да одговори позитивно или мнозинството да одговори позитивно во овој случај и еден ваков амандман да го прифати, да биде дел од законот.

Така мислиме дека и граѓаните ќе бидат посигурни во работата на органот за внатрешни работи, нема да има никакво сомневање. Токму поради тоа ние мислиме дека вие како мнозинство треба да гласате за овој амандман.

Ние уште еднаш ќе го повториме нашето барање, бидејки во овој Предлог закон има многу празнини, има многу нејаснотии. Ќе повториме пред вас дека ќе беше добро Предлог законот да се повлече, да се доработи со еден поширок консензус на целиот политички спектар, барем тој што е тука присутен во Собранието. Се разбира дека секогаш има и компромиси кога се разговара, така што да донесеме добар закон кој ќе биде прифатлив за сите граќани на Републиката и ќе најде на имплементација. Самите вие сте свесни дека законот за полиција е чувствителен закон за граѓанинот затоа што тие секојдневно се соочуваат со органите за внатрешни работи, а немаше да биде добро, до колку, како што беше во минатото, луѓето кои се во униформа да се гледаат како луѓе кои вршат насилство. Напротив, граѓанинот треба да биде тој кој ќе и помага на униформата. Без помош од граѓанинот нема да има потполна имплементација на овој закон.

Уште еднаш, ја повикуваме госпоѓата министер да го повлече законот и, кажав, со еден поширок консензус да донесеме подобар закон. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Збор има минситерот Гордана Јанкуловска.

**Гордана Јанкуловска:** Благодарам претседателе.

Едно кратко објаснување во однос на процедуралната забелешка на пратеникот Алити, во делот кој се однесува на презентирањето на Предлог законот за полиција, до пошироката јавност.

Во интерес на јавноста во Република Македонија би сакала да појаснам дека летокот и сите летоци кои во иднина, како дел од една поширока презентација на работата на министерствата во Владата на Република Македонија, се дистрибуира согласно медија план. Тоа значи дека во различни денови од неделата инсертирањето оди во различни весници. Не би сакала пошироката јавност да биде доведена во заблуда по однос на ова прашање.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Има збор пратеникот Џевад Адеми.

**Џевад Адеми:** Благодарам господине Георгиевски.

Сакам да бидам искрен, сакам да бидам и непосреден и јавно да кажам пред вас, имав дилеми да земам или да не земам збор, да ја искористам или да не го искористам моето право за дискусија не само околу овој предложен амандман, туку и околу секое прашање поставено за расправа, како дел од дневниот ред на работата на пленарните седници на Собранието на Република Македонија. Мислам дека го искажувам мислењето на сите пратеници на парламентарната група на ДУИ и ПДП.

Која е целта на оваа расправа и зошто некому му смета мојата спремност, спремноста на моите колеги, да се вклучиме во овие расправи со цел да го подобриме текстот на предложениот закон, било и со подршка на предложените амандмани од страна на наши колеги.

Верувајте ми, јавно сум се произнел и овде ќе го кажам, меѓу сите мои колеги, која е мисијата на пратеникот или која е должноста на пратеникот, од групата коај не припаѓа на парламентарното мнозинство.

**Љубиша Георгиевски:** Говорете по амандманот, не по мисии.

**Џевад Адеми:** Токму по амандманот ќе говорам господине Георгиевски, затоа што интервенцијата на почитуваната колешка е замена на зборовите “може” и “должно”. Значи може и е должен пратеникот, било да е како дел на парламентарната група, или осамен, не припадник на парламентарното мнозинство. Значи може да расправа, до колку неговата дискусија е прифатлива за увото на мнозинството.

**Љубиша Георгиевски:** Држете се до дневниот ред, до темата.

**Џевад Адеми:** Значи треба да расправа, бидејки тоа му е должност во однос на граѓаните кои го изгласале, било таа негова позиција да биде против ставот на парламентарното мнозинство. Ве молам, значи кога не сме во Парламентот, велите зошто не доаѓаме, а кога доаѓаме, велите зошто говориме. Што да правиме сега, да молчиме? Ова е смислата на демократијата. До колку филозофијата би била почитување на демократските вредности, се што полицијата ја задолжува, се што на полицијата и ја стеснува апсолутната власт, треба да се поддржи.

Интервенцијата на почитуваната пратеник, а чија цел за снимање на собири на јавни места пред отпочнување на активноста, полицијата, наместо да биде зборот “може”, значи може јавно да и соопшти на јавноста, е “должна”, бидејки, дозволете ми нема ништо лошо, до колку со една прецизност и јазична точност, органот на чувањето на редот, на заштитата на законот, органот на чувањетона мирот и безбедноста и животот на граѓанинот, да биде должна да го направи тоа, а не да биде активност или манифестација на искажување на добра воља. Може, но не е должна. Може да го направи, но тука, еве не сака да го направи. Затоа, ќе ми дозволи госпоѓата минситер да и се обратам директно. Не дека има ништо лошо, туку напротив е еден чекор поблиску до европските стандарди и целта за полицијата да ја направиме, зошто да не речам и хумана и да научи да биде должна и таа да го направи првиот чекор, да зрачи кај граѓаните. Значи не е само јазична финеса за менувањето на поимот “може” и “е должна”. Убеден сум дека сите ние се согласуваме со овој предлог амандман. Сонашиот балкански инает не го поддржуваме, бидејки не сме го предложиле ние, не го подржуваме, бидејки не доаѓа од нашите, туку доаѓа од еден пратеник од опозицијата. Колку и да е добар овој амандман токму и за тоа не се пдоржува. Затоа јас апелирам да се прифати интервенцијата на почитуваната пратеник Роза Топузова-Каревска, бидејќи во суштина нејзиниот амандман е во функција на подобрување, не само на текстот на законот, туку во функција на исполнувањето на стандардите и во функција на компатибилноста на овој закон со одредбите на таа многу сакана Европа.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам. Нека повлеи пратеникот Агрон Буџаку.

**Агон Буџаку:** Господине Георгиевски, почитувани колеги,

Амандманот предложен од почитуванта госпоѓа пратеник Роза Топузова -Каревска е во однос на став од законот, едно право, така како што е напишано во член 65, значи право кое се дава на полицијата за една желба или одлука која полицијата, според предложениот член, може, меѓутоа не е обврзана, така како што бара почитуваната колешка со нејзинио тамандман, значи може да соопшти за намерата за спроведување на снимање на јавните места и собири. Овде во овој член се работи за нешто што е многу актуелно и пошироко дури од Европа. Значи се работи за тоа до каде оди правото на прислушкување и интервенирање во областа на приватниот живот и на правата на човекот кои се основни права, како што е владеењето на демократскиот систем за кој ние претендираме и треба да кажеме дека го поставуваме, или веќе сме го поставиле во Македонија.

Ќе нагласам уште еднаш и се согласувам со вас господине Георгиевски дека вие го имате тоа право да одземете збор кога се излегува од дневниот ред, меѓутоа тоа право треба да го спроведувате за сите подеднакво, не на дискриминирачки начин. И за тоа како сте делувале до сега постојат стенографски белешки, постојат и снимки од седниците. Така што ова е првата забелешка до вас. Чекам забелешка од ваша страна. Вие со Деловникот имате право на три дигресии, па да ми го одземете зборот.

Бидејки господинот Груевски бара да имаме странец како обвинител, ние не можеме да бараме да имаме претседавач или претседател на Парламентот да биде странец, затоа што тој треба да биде пратеник.

Второ, во однос на овој амандман, има директни препораки од ОБСЕ кои велат, за да се замени една формулација со која ќе се објасни дека на граѓаните ќе им се соопшти до колку се снима аудио-визуелно, тоа да се уреди со закон. Оставањето, колку и да е простор на тоа, сега јас нема да предвидувам како ќе дејствува полицијата, меѓутоа оставање, колку толку простор за арбитражност, за одлучување или немањето воља од страна на полицијата, без тоа да биде санкционирано со закон, во овој момент на развој на демократијата во Република Македонија, додека се издигне свеста за владеење на законот, тука ја очекувам втората дигресија, господине Георгиевски. Значи втората дигресија е дека министрите од вашата Влада го повредуваат и Уставот и законот и Бољонската декларација. Значи исто како во времето на Милошевиќ, ги затвараат универзитетите. И ова ќе има одек пошироко, да бидете свесни. Додека завладее законот, треба да се стесни просторот за можната злоупотреба и можното погрешно интерпретирање на законот. Секој збор, секој став кој е во правец на прецизирање на правата на полицијата, тоа е повеќе од добредојдено, затоа што секое оставање на простор во оваа насока, ќе значи дека ние, нам Европа не ни ги праќа само

препораките, туку таа е тука присутна и мониторира за тоа како ние дејствуваме. Значи ова не е потребната насока, до колку во овој став се остави слободна рака на полицијата да одлучи дали ќе им соопшти на граѓаните или не, за намерата за снимање.

Патот по кој е тргната оваа Влада и ова парламентарно мнозинство, господине Георгиевски ова со жалење ќе го кажам, е пат кој не е кон Европа, туку кон Балкан и балканизацијата, како што е интерпретирано, како синоним, што се зема Балкан. Ние не сме за таа патека, за тој пат. Ние сме за Европска унија.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам. Нека повели господинот Никола Поповски.

**Никола Поповски:** Благодарам.

Господине Претседателе, јас на кратко сакам за овој амандман да се изјаснам.Мислам дека е продуктивен амандманот на госпоѓата Роза Топузова-Каревска, од најмалку две причини.

Мене ми е жал што и јас лично на време не увидов, во оваа некаква турканица во која работи Парламентот. Инаку тоа господине претседателе, сакам да ви го забележам дека ние сме постојано во ситуација да имаме една седница на која расправаме за амандмани, друга седница која е закажана, за која, додека тука расправаме за едни амандмани, сме должни, заради роковите, да поднесеме други амандмани и материјали кои сте ни ги доставиле и кои чекаат и за кои можеме секој ден да очекуваме да закажете седница, обично гледам за десет дена ги закажувате, имаме само пет дена за амандманите, Така што сме толку растргнати што се плашам дека со овој начин на работа, седници со по два, по два, по два, закони, ние практични постојано сме во ситуација на различни проекти да мораме да се концентрираме, што не е продуктивно. Од тие причини јас лично жалам што не посветив многу внимание, да можам да се концентрирам и лично да поднесам некои амандмани.

Можеби госпоѓата Роза Топузова -Каревска, или јас, што еве жал ми е што не успеав, можевме да поднесеме и подетални амандмани на ова. Еве зошто?

Госпоѓата министерка предлага дискреција на полицијата, дека може јавно да соопшти, што значи и дека не мора, а госпоѓата Топузова предлага никаква дискреција односно должна е тоа да го нарпави. Можеби има место и за меѓурешение. Жал ми е што тоа не успеав на време да го направам, меѓутоа, знаете како, седницава ви е закажана не знам од кога.

Јас го консултирав, колку е тоа можно, набрзина, Законот за јавни собири. Да не заборавиме дкеа во државава имаме Закон за јавни собири кој е во надлежност на министерката, која би ја замолил, наместо да зборува на мобилен, да слуша што дискутираат пратениците.

Законот за јавни собири, исто така е во надлежност на МВР. Таму се дефинирани јавните собири, не со еден збор како овде, туку се дефинирани со одредби, меѓу другото што се јавни собири, како се одржуваат и т.н., има поголем број на одредби и се дефинирани кои се јавни собири.

Овој закон  овде јавните собири ги спомнуа попатно и вели: кога постои опасност на јавни собири. И второ е намера за снимање на јавни собири, места и собири. Сосема ми е логично познавајќи го методот на работа на државните органи дека кога ќе влезат во ситуација да оцени министерот, односно по законот да изрази намера да снима јавен собир ќе и биде сугерирано на министерката дали е јавен собир, или не, ќе треба да се повикаат на Законот за јавни собири. И таму се дефинирани кои се јавни собири. Таму има еден поголем сет на дефинирања на јавните собири меѓу кои постојат и јавни собири, сега  не можам тука да  го дефинирам, од политичка провиниенција кои се митинзи, предизборни, постизборни, секакви за изразување на демократско мислење. И сега тоа што сакам да го соопштам зошто мислам дека  меѓуамандман евентуално би бил добар. Меѓутоа, кога нема, тогаш мислам дека амандманот треба да се поддржи. Владата со членот 65 има две дискрециони права. Првото дискреционо право е да определи, односно Владата, во овој случај министерот за внатрешни работи. Зборувам за членот 65. Значи, во членот 65 првото дискреционо право е Владата,  односно министерот за внатрешни работи да утврди дали има намера да ги снима јавните собири. Членот на законот и го дава тоа дискреционо право на министерката. Првото ниво на дискреција е да утврди. Може да утврди да снима и не мора да утврди да снима. Ако утврди дека  ќе ги снима аудио и видео јавните собири во кои спаѓаат и политички и други, тогаш има уште едно дискреционо право. Тоа е она што мислам дека е спорно во овој амандман на госпоѓата Топузовска, дискрецијата произлегува дека ако одлучи да го сними може тоа јавно да го, тука се употребува зборот објави, или да го соопшти. И втората дискреција е тоа јавно да не го соопшти, односно со подруга терминологија кажано, тоа да го направи тајно, односно без објавување на таа намера.

Мојот став е дека во политичката фаза во која се наоѓа Република Македонија и претпоставка ми е дека  ќе биде уште подолг период, затоа што во Македонија полицијата, тоа го гледаме и на конкретниве први чекори на Владата сеуште не е стабилизирана како административна или орган на државна управа која функционира професионално, а политички се насочува од министерот. Таа функционира како  со  сериозни политички партиски интервенции во нејзината структура. Тоа го одзема легитимитетот политичките собири и другите јавни собири дефинирани со Законот за јавни собири да бидат исклучени од политика и ќе бидат уште долго. Во тој случај мислам дека е непродуктивно да имаме случај кој законот сега го дава, министерот за натрешни работи да оцени дека треба да се

снима аудио и видео политички собир. И пострашното согласно законот да оцени дека тој политички собир ќе го снима тајно без тоа да биде познато на јавноста и на учесниците на собирот. Јас лично мислам дека тоа не треба да биде случај.

Второто, доколку министерката тоа не го прифаќа, или Владата, или парламентарното мнозинство кое не верувам дека ќе го прифати без знак од министерот, тогаш би било добро министерката по повод донесувањево на законот да излезе на собраниската говорница и јавно да соопшти дека амандманот не го прифаќа, меѓутоа презема морална, политичка, вербална обврска дека во случај на јавни собири, ако го примени правото кое постои во ставот 2 од член 65 дека може да оцени да изврши трајно аудио и видео снимање, дека тоа во ставот 3 може да го соопшти нема да го користи и да даде политичка изјава дека тоа постојано јавно ќе го соопштува. Ако тоа мисли дека треба да го направи и по други одредби од Законо за јавни собири каде што има и други сензитивни јавни собири кои не се политички, ама се социјални. Има и со закон за штрајк утврдено право на јавен собир. Сега правно треба да се проучи, дали е јавен собир во кругот на објект на претпријатие каде што штрајкува синдикатот често и надвор од објектот штрајкува, не изразува полилтички ставови, социјални, икс други. Значи таков сплет на околности во кои можеби е добро ако не се прифаќа, јас би претендирал да го прифатиме, да се даде таа политичка изјава.

**Љубиша Георгиевски:** Има збор господинот Хани Тахир.

**Хани Тахир:** Почитувани пратеници, почитувани дами и господа. Мислам дека пратеничката Роза Топузова Каревска поднесува еден предлог со свој амандман членот 65 во став 3 да претрпи измена според нејзино мислење и тоа квалитетно што значи дека наместо зборот “може” да се искористи зборот “должна е”. Бидејќи според член 65 со снимање на јавни места во смисла на овој закон се подразбира траен аудио и видео надзор над јавните места каде зачестено се извршуваат кривични дела, или прекршоци со цел за нивно спречување, Исто така и во став 2 кога постои опасност на јавните собири да се загрози животот, здравјето и имотот на луѓето полицискиот службеник е овластен да изврши видео снимање, или фотографирање на јавниот собир. По овие два става следи ставот 3 со кој се бара една интервенција на начин да се создаде можноста да се отстранат злоупотреби, или да се даде еден придонес членот 65 да создаде можност Министерството за внатрешни работи да може да го соопшти и да биде што потранспарентно и сите тие кои ќе го одржат јавниот собир да бидат известени за тоа. Значи, полицијата е должна да ги извести граѓаните дека ќе има снимање, или ќе се следат јавните собири. Значи, ова е целта и намерата во овој Парламент сите пратеници кои поставуваат амандмани во однос на измената на посебни членови од Предлог-законот за полиција и ние како Парламент треба да расправаме и дискутираме во однос на оправданоста на измените на членовите предложени на начин за да го дадеме нашиот позитивен придонес кон тоа за да имаме еден закон, да донесеме закон за полиција кој ќе биде од интерес на сочувувањето на мирот и безбедноста во државата. Затоа се согласувам и мислам дека треба да се интервенира во член 65 во согласност со амандманот предложен од госпоѓа Роза Топузова Каревска на начин да се отстрани зборот “може” и да се стави зборот “е должна”. Значи полицијата треба да комуницира јавно дека ќе има јавно снимање на јавни места на кое место ќе се одржи еден јавен собир.

**Љубиша Георгиевски:** Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 86 пратеници, 35 гласале за, воздржано гласале 2, против 49.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 65 став 3, поднесен од пратеникот Тоза Топузова Каревска.

Процедурално господинот Јани Макрадули.

**Јани Макрадули:** Почитуван претседателе, бидејќи резултатот за донесување на амандманот е плус минус 5 во однос на потребното, барам поддршка од 10 пратеници за поединечно гласање.

**Љубиша Георгиевски:** Да видиме уште еднаш како стои аритметиката.

Процедуралната интервенција беше аритметички, пет разлика. Да видиме како стои. Во ред е, повелете.

Процедурално господинот Трајко Вељановски.

**Трајко Вељановски:** Во однос на барањето од координаторот на пратеничката група на СДСМ господинот Јани Макрадули, значи деловнички е, ако има разлика помеѓу добиените гласови за, или против во однос на пет, а не во однос на тоа дали ќе биде разликата до 41. Сметам дека согласно Деловникот нема потреба од поединечно изјаснување за овој амандман.

**Љубиша Георгиевски:** Да, вие сте во право. Нема да се гласа поединечно.

Отворам претрес по амандманот на член 81 став 3, поднесен од пратеникот Роза Топузова Каревска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Гордана Јанкуловска: Аманемданот не се прифаќа.

Процедурално господинот Јани Макрадули.

**Јани Макрадули:** Сакам да прочитам од Деловникот. Почитуван претседателе деловнички интервенирам бидејќи сметам дека е повреден Деловникот на Собранието со член 94 на кој што се повикавте. Гласањето може да се врши со поименично изјаснување на пратениците.

Поименично изјаснување може да се врши заради точно утврдување на резултатот од гласањето по барање на претседателот на Собранието или на еден пратеник чие барање го поддржуваат најмалку 10 пратеници само ако предлогот за кој се гласа добил до пет гласови повеќе, или помалку од потребниот број гласови за негово донесување. Бидејќи за амандманот се потребни 40 гласа за донесување, а резултатот беше 35. Согласно член 94 барам поединечно гласање.

**Љубиша Георгиевски:** Процедурално госпоѓата Славица Грковска.

**Славица Грковска:** Претседателе, јас морам да реагирам со оглед на тоа што ваквиот начин на работа на Собранието веќе станува пракса и се плашам дека Деловникот веќе нема да биде материјал, или акт кој што го регулира работењето на Собранието, туку дека ќе се сведема на прашања на договори, или моментална инспирација на некои од пратениците од парламентарното мнозинство кое што вие ќе го почитувате. Вие пред малку после деловничката, после првата деловничка реакција на координаторот на пратеничката група на СДСМ господинот Макрадули рековте дека е во право, се согласивте дека е во право. Меѓутоа, веднаш по интервенцијата на пратеник од парламентарното мнозинство господинот Вељановски се предомисливте и веќе сте во една ситуација кое што вас за жал ве става во конфузна позиција и ве става во позиција да не знаете што да правите. Јас сакам да укажам дека вие сте должен да го почитувате Деловникот на Собранието без разлика дали во даден момент тоа му одговара на парламентарното мнозинство или не. Затоа ве повикувам да го почитувате членот 94 став 2 од Деловникот без разлика на партиските позиции на парламентарното мнозинство и да извршите поединечно гласање за претходниот амандман.

**Љубиша Георгиевски:** Пауза 15 минути.

(Пауза од 12,59 часот)

(По паузата седницата продолжи во 13,19 часот)

**Љубиша Георгиевски:** Продолжуваме со работа.

Ова е мојот одговор на деловничката интервенција на господинот Јани Макрадули.

Според член 94 став 2, аритметиката вели вака: Потребен број на гласови за да мине амандманот е 86 гласале, поделено со 2 плус 1, тоа е еднакво на 44. Поименично гласање може да се повтори само ако е разликата пред плус или минус. Разликата помеѓу 44 минус 35 е еднаква на 9 гласа.

Според тоа, нема деловнички услов за да се повтори гласањето.

Отворам претрес по амандманот на член 71 став 2, поднесен од пратеникот Роза Топузова-Каревска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**Гордана Јанкуловска:** Амандманот не се прифаќа.

**Љубиша Георгиевски:** Владата не го прифаќа амандманот.

Има збор госпоѓа Роза Топузова-Каревска.

**Роза Топузова-Каревска:** Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници. И овој амандман се однесува на член кој ги засега полициските овластувања. Јас кажав и во моите претходни излагања дека многу малку се водело сметка што ќе се случи доколку не се исполнат полициските овластувања во целост односно доколку не се постапи според она што е предвидено во одредени членови и со оглед на тоа дека овде се работи за податоци кои треба да се дадат на користење на надлежни, стручни, научни институции заради статистички цели и научно-истражувачка работа, а со Законот кој го имаме донесено за слободен пристап до информации е регулирано што претставува информација, што претставува имател на информација и како тие треба да се користат и што е најважно, што ќе се случи доколку не се даде бараната информација, значи до барателот.

Но, бидејќи и во членот 10 беше многу поважно да биде прифатено ова што сега го говорам, усогласувањето со Законот за слободен пристап до информации, не наидов на разбирање кај министерката и не го прифати амандманот, овој амандман го повлекувам. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Амандманот е повлечен.

Отворам претрес по амандманот на член 81 став 3, поднесен од пратеникот Роза Топузова-Каревска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**Гордана Јанкуловска:** Амандманот не се прифаќа.

**Љубиша Георгиевски:** Владата не го прифаќа амандманот.

Има збор госпоѓа Роза Топузова-Каревска.

**Роза Топузова-Каревска:** Благодарам претседателе, во голема мера сметам дека во целиот закон не се испочитувани меѓународните стандарди, според кои контролата на полицијата е поделена меѓу законодавната, извршната и судската власт.

Во ставот 2 од овој член се спомнува Јавниот обвинител односно основната оправданост и правилноста на употребата на средства за присилба во секој конкретен случај ја оценува непосредниот раководител - раководен полициски службеник и го известува, меѓу другото, надлежниот Јавен обвинител за секоја употреба на огнено оружје.

Сметав дека и во овој став каде го поднесов амандманот треба да биде вклучен Јавниот обвинител и мислев дека министерот ќе најде повеќе разбирање во оваа насока, но, за жал, тоа не се случи и со оглед дека на многу места не е вклучен ниту Јавниот обвинител ниту Народниот правобранител, јас интервенирав онаму каде можеше да се интервенира амандмански, но најверојатно почитуваниот министер за

внатрешни работи цени дека нема потреба да се почитуваат меѓународните стандарди, јас го повлекувам амандманот, бидејќи и претходниот амандман не беше прифатен. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам, амандманот е повлечен.

Отворам претрес по амандманот на член 97 став 2, поднесен од пратеникот Роза Топузова-Каревска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**Гордана Јанкуловска:** Амандманот не се прифаќа.

**Љубиша Георгиевски:** Владата не го прифаќа амандманот.

Има збор госпоѓа Роза Топузова-Каревска.

**Роза Топузова-Каревска:** Благодарам претседателе, како што кажав, овој закон како што ни е доставен до нас, изобилува со многу непрецизности каде се остава голем простор за недоследности и манипулација од страна на надлежните во самата полиција, вклучувајќи го и министерот.

Со овој член 97 се регулира засновање на работниот однос и вели во ставот 1:

Полициски службеник заснова работен однос врз основа на јавен оглас на начин и под услови утврдени со овој закон.

Значи, до тука се е во ред. Вели, по исклучок, работен однос без јавен оглас се заснова за работни места утврдени со актот за систематизација на работните места во полицијата. Значи, имаме без јавен оглас и за стипендисти на завршени студии на Полициската академија.

За да не дојдеме во ситуација министерот сам да одлучува кога ќе се вработуваат по основ на јавен оглас или конкурс, а кога на некој друг начин кој, како што реков и претходно, имавме транспарентна постапка, терминот кој го усвоивме само декларативен - транспарентна постапка, сметав дека е добро да остане само за стипендистите завршени студенти на Полициска академија, само тие да бидат по исклучок. Но, ако министерот има некое образложение зошто е вака и што значи, можеби јас би го прифатила објаснувањето на госпоѓата министер за внатрешни работи.

**Љубиша Георгиевски:** Има збор Аднан Јашари.

(Реакција од страна на пратеникот Роза Топузова-Каревска, бара објаснување од министерот)

Министерот не се јави за збор, но ако министерот се јави за збор има предност.

**Гордана Јанкуловска:** Благодарам претседателе, јас се извинувам заради техниката имаше мало недоразбирање околу давањето и земањето на збор.

Би сакала само како мало појаснување на пратеникот Роза Топузова-Каревска како подносител на амандманот во однос на член 97 став 2 да појаснам дека има работни места во Министерството за внатрешни работи кои имаат посебни овластувања и заради природата на работата и динамиката која понекогаш се наметнува на работењето на Министерството за внатрешни работи, неопходно е потребно, како што и сега е случај, согласно Законот за внатрешни работи да постои можност за ангажирање односно вработување засновање на работен однос без јавен оглас.

Токму за овие работни места кои се прецизно утврдени со актот за систематизација на Министерството за внатрешни работи неопходно е потребно да постои ваква постапка за засновање на работен однос. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Госпоѓа Топузова-Каревска има збор.

**Роза Топузова-Каревска:** Благодарам претседателе, претпоставував дека ќе го добијам овој одговор, но вака како што е дефинирано овде вели за работни места утврдени со актот за систематизација на работните места во полицијата. И онаму каде ќе има јавен оглас и јавниот оглас ќе биде за работните места утврдени со актот за систематизација. Разбрав што сака да ми укаже министерот, но многу лошо е дефинирано, реков дека вака дадениот член не е прецизен, не е до крај изречен и остава простор за манипулација. Можеби во текот на расправата ако и ова е неприфатливо што јас го дефинирам, можеби овие исклучоци Владата нека поднесе амандман и да биде попрецизно за да знаеме навистина да не доаѓаме во ситуација да има злоупотреби на вака искажаниот член и став и потоа по наоѓање на министерот, по негово слободно наоѓање кога треба да се примаат на работа односно во работен однос по пат на јавен оглас или на некој друг начин кој навистина незнам кој е тој исклучок.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Има збор господинот Аднан Јашари.

Имавме проблем со техниката, ви благодарам што го пуштивте редот на министерот.

**Аднан Јашари:** Ви благодарам, во членот 97, член кој припаѓа во делот на основање на работниот однос на вработените во полицијата или во органите на полицијата имаат два става. Во првиот став од овој член во начело се говори за начинот на засновање на работен однос, се разбира по јавен оглас така како што е предвидено во Законот за работни односи. Како правна основа за засновање на работен однос се нагласува јавниот оглас, а во ставот 2 од овој член се бара да се заснова работен однос без јавен оглас така како што се нагласува, за определени места предвидени со актот за систематизација на полицијата и тоа само за определени лица кои ќе бидат стипендисти на Министерството или за лица кои ќе ги завршат своите студии на Полициската академија.

Мојата проценка е дека во двата става од овој член има правна празнина. Се говори за оглас, меѓутоа, не се нагласува каде ќе се направи

објавувањето на јавниот оглас, во кои средства за јавно информирање, на кој јазик и т.н.

Во ставот 2 каде се говори за можноста за засновање на работен однос на определени лица стипендисти или студенти кои завршиле на Полициската академија се создава простор или можност да се заснова работен однос без јавен оглас.

Мое мислење е дека овој став не треба воопшто да постои, во овој член, од причина што не знам која би била правната основа за засновање на работниот однос на овие лица ако на ниеден начин не може да се прикаже како правна основа и неспорно е дека врз основа на Законот за работни односи правна основа за засновање на работен однос во начело се смета јавниот оглас или конкурс. Тука се предвидува исклучок и ценам дека во неможноста за засновање на еден правен работен однос како што е работен однос без правна основа, за мене лично е невредно односно неважечко и не може да создаде правен ефект.

Второ, кое повеќе ме натера да земам збор е тоа што, според мене, преку овој став се прави дискриминирање или се создава можност за дискриминација на студентите кои дипломираат на факултети на разни универзитети. Значи се дава приоритет или предност само на Полициската академија, а познато е дека слични факултети има и на приватните универзитети како што е на пример, Универзитетот на Југоисточна Европа, Европскиот универзитет и т.н.

Во оваа насока ценам дека и повторно ќе кажам не треба да се дозволи да постои овој став поради ова што го кажав. Значи, дискриминација меѓу студентите на универзитетите или факултетите. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Повелете господине Поповски, имате збор.

**Никола Поповски:** Благодарам.

Начинот на кој членот 97 е формулиран е контрадикторен во двата става затоа што првиот став упатува императивно дека полициски службеник заснова работен однос врз основа на јавен оглас.

Вториот став вели по исклучок работен однос без оглас се засновува за работни места утврдени со актот за систематизација. Значи, исклучокот е за сите. Бидејќи по нашите закони логично не може да се вработи некој што не е пропишано местото во актот за систематизација.

Министерката даде едно образложение кое не стои во законот, за жал. Таа кажа само за оние кои се со посебни овластувања по исклучок ќе можат да се вработуваат во полицијата, меѓутоа, во законот тоа не го пишува. Ако законот помине вака теоретски, министерката може да го користи членот 97 став 2 за сите вработувања без никаков пардон, затоа што пишува по исклучок работен однос без јавен оглас се заснова за работни места утврдени со акт за систематизација и стипендисти. Не пишува за работни места утврдени со акт за систематизација ако имаат посебни овластувања, како што усно кажа овде.

Така што толкувањето, по мене и кажаното во законот се различни , а на сите ни е јасно дека во праксата ќе се применува тоа што ќе се објави во “Службен весник” односно законот. Толкувањето на министерката е илеревантно во случај кога се донесува закон кој може да го спроведува.

Од тие причини сметам, прво, дека формулацијата на членот 97 став 2 е лоша, дава преголеми овластувања и ако сите сакаме да одиме во насока која треба да ја реформира полицијата исклучоците треба да бидат помали, а второ што политичката волја на министерката не е правно формулирана. Така што и во овој случај подобро е да се прифати амандманот на Каревска, зошто го исклучува исклучокот, освен за стипендистите, што може да е право за сите.

И второ, бидејки имам искуство во институциите, за среќа или повеќе сум уверен за жал, во сите државни институции, оснен судските и другиве, сум бил во разни ситуации, од државен службеник во минатото, од поинакво време, се викале стручни служби, Парламент, извршни власти, упрани одбори, тела, совети, уверен сум дека Министерство за внатрешни работи не треба да го има исклучокот ниту како што е формулиран од госпоѓата министерка усмено на оваа седница.

Отворено прашувам кое е павото на било кој граѓанин на Република Македонија да биде вработен на едно место што има овластување, па нека биде било какво овластување, а ако проверите би било добор министерката во текот на расправата на седницава да ни даде, на пример податок, тоа е Парламент, колку вработени има во полицијата, како што овој закон уредува што е полиција, значи една, да launch речеме, екстраполација на законот во иднина и колку од нив имаат овластувања? Зошто го имаат тоа овластување? Тогаш ќе видите дека во полицијата имаат овластувања луѓе кои ни на сон, сите ние сме свесни дека не треба заради работното место да го имаат. Ако сите се подведат под ова е лошо. А, јас сум уверен дека не се тоа толку, не знам какви служби да не треба да има јавен оглас, односно по исклучок да се вработува за било што. Еве, да ви кажам, повеќе од половина службеници од Министерството за финансии имаат поважна улога за државата, и во други, заради работите со кои раководат, да може да се има исклучок, затоа што ќе биде подобро за државата, управуваат со милиони, со стотици милиони евра итн., како државни службеници, а за нив важат законите за државни службеници, јавни огласи, бодирања и на крајот, по некогаш врзани раце во ситуација во која гледате дека можеби нешто друго произлегува од тоа. Уверен сум и за други органи од државната управа или државните органи вкупно.

Ова се прешироки овластувања, на крајот сакам да заклучам. По исклучок, за сите систематизирани работни места, тоа значи за сите, па дури сум скептик дека за работните места

со овлстувања треба да постои и тоа. Ако госпоѓата министерка ни ги даде бројките и некои од работните места систематизирани, што претпоставувам тоа не е тајна, ќе видиме дека ситуацијата е апсурдна, дека е вентил со кој сакаме да го заобиколиме системот.

Во услови на неиницијативност, амандманот е поднесен на 24 септември, денеска сме 9 октомври, веќе 15 денови, Министерството и Владата немале иницијативност да дополнат амандман, да преформулираат некоја добра идеја, да доразработат, не доведуваат во позиција сега ако има добра идеја што треба да се преработи, министерката да дава усмен амандман што вели за овластените, а што не е содржано во законот и во тој случај што е исходот? Ништо. Ние мораме да го гласаме и овој амандман, не знам како ќе помине амандманот, меѓутоа според мене работите не се одвиваат во насока, во која еве, има добра волја од пратеници да помогнат. Госпоѓа Топузовска очигледно работела, се трудела, гледаме дека цела дебата суштински се заснива на нејзини амандмани, од тие причини сметам дека амандманот треба да се подржи. Исто и Владата треба да се корегира во начинот на кој го оформила овој член. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Има збор министерот Јанкуловска.

**Гордана Јанкуловска:** Благодарам претседателе,

Во интерес на конструктивност на дебатата јас сосема накратко ќе дадам објаснување на излагањето на пратеникот Поповски.

Имено кога зборуваме за вработувањето во Министерство за внатрешни работи, вработените кои вршат функција на државни службеници несомнено подпаѓаат под регулативата од Законот за државни службеници. Работните места кои се систематизирани поинаку несомнено подпаѓаат под одредбите на Закон за работни однос. Значи, сепак зборуваме за една прецизна формулација која се ограничува само на лицата со посебни овластувања.

Во однос на сите други барања кои пратениците ги имаат за работењето на Министерство за внатрешни работи ќе ми биде задоволство доколку добиеме барање во форма на пратеничко прашање да им одговориме на пратениците. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам,

Господинот Јован Манасиевски да земе збор, повелете.

**Јован Манасиевски:** Благодарам господине претседателе.

За жал, и со оваа втора интервенција минстерката за внатрешни работи воопшто не го разјасни членот. Тој технички е конфузен и ако онака како госпоѓицата министер го објаснува, тогаш во најмала рака тука фалат зборовите за работните места со посебни овластувања. Значи, доколку нејзината интервенција онака како што усно ја предочува, за да биде соодветно нормативно регулирана, најмалку фалат тие зборови. Меѓутоа, техничката страна и техничката конфузија е еден дел од проблемот.

Јас би сакал повеќе за суштинската страна на проблемот да зборувам за воопшто можноста без јавен оглас да се заснова работен однос. Тоа е еден вентил кој што и во минатото бил користен, говореше министерот Поповски од социјални причини. Со најголема одговорност тврдам дека 90% од местата што денес се систематизирани во Министерство за внатрешни работи како места со посебни овластувања не се направени заради тоа што тоа произлегува од описот и пописот на работните задачи на тие службеници, туку затоа што на тој начин се добива посебен додаток на личниот доход, на платата.

И оттаму во Министерство за внатрешни работи треба да претстои, што се и предвидува со стратегијата за реформа на Министерство за внатрешни работи, ново утврдување на пописот на работните места и задачите што ги вршат овие овластени лица. И навистина би било објаснувањето би држело доколку паралелно со овие процеси што се случуваат кај нас, ние не се соочуваме со процеси кои што во најафирмираните тајни служби во светот, новите вработени се вработуваат по пат на конкурс, по пат на огласи. Тогаш, која е потребата тука ние се уште да имаме еден рецидив, затоа што ова што го имаме токму го чината 97 е еден рецидив. Една инерција која што со години не се менува и токму сега донесувањето на овој нов закон за полиција е одлична можност со сите вакви непотребни рецидиви и работи што по инерција се задржувале да расчистиме.

Ова е особено битно затоа што злоупотребата на ваквиот член кој што го имаме и во сегашниот Закон за внатрешни работи ни се случува и тековно. Јас би сакал оваа прилика да ја искористам министерката за внатрешни работи да го информира Парламентот колку нови работни места, колку нови работни односи се засновани во полицијата во последниве месец дена особено во Управата за обезбедување? Нашите сознанија, не потврдени, меѓутоа затоа е минстерката е тука да потврди, говорат дека се вработени преку 80 луѓе, токму користејќи ја идентичната ваква формулација во постоечкиот закон за внатрешни работи. Така што треба да учиме од негативните искуства што сме ги имале во минатото и што ни се случуваат и токму заради тоа не треба во овој закон кој што го носиме сега да оставаме простор за такви случувања и во иднина.

Оттаму сметам, би ја замолил министерката уште еднаш да го анализира овој амандман и да го прифати затоа што навистина нема никакво образложение ниту функционално ниту практично, да не говорам за можностите сите буџетски ограничувања на ваков начин да се надминуваат за постоење на еден ваков дискриминативен член, дискриминативен во однос на сите други вработувања, затоа што не говориме тука само за државните службеници или со вработувањето по

Закон за работни односи, туку на пример зборуваме и за сите вработувања во Армијата на Република Македонија кои исто така се вршат по пат на конкурс, јавен оглас. Така што не постои ниту една оправдана валидна причина во ова денешно време да имаме ваков дискриминативен член. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам, збор има Сафет Незири, повелете.

**Сафет Незири:** Ви благодарам.

Кога во членот 97 предложен со амандман навистина кога ќе го видиме првиот став, тој ги исполнува сите услови за засновање работен однос преку еден јавен оглас или конкурс на начини и услови со овој закон.

Кога ќе го видиме ставот 2, со автоматизам, ова е во спротивност со ставот 1, бидејќи во ставот 2 само по себе е нетранспарентно и на нејавен начин се вршат движења внатре, на вработените во Министерство за внатрешни работи односно во полицијата. Тоа значи дека самиот начин не е добро дефиниран во ставот 2, со што се остава можнсот или големи овластувања на оние кои одлучуваат за судбината на вработените, односно во однос на систематизацијата на работните места во Министерство за внатрешни работи, односно во полицијата. Оваа систематизација, обично, од минатото знаеме дека според неа се прават птпуштања од работното место, намалување на работните места, некои се отпуштаат, некои остануваат на тоа работно место, итн. Но, во оваа систематизација што се предвидува во ставот 2, не случајно нашата колешка Топузова-Караевска има поднесено амандман. Тоа значи дека неколку елементи од оние кои учествуваат во систематизацијата, во вработувањето, преку стипендисти на Полициската академија, мислам дека треба поопширно да се интервенира во однос на утврдувањето и дефинирањето на начинот како да се систематизираат работните места во полицијата.

Од минатото знаеме, секогаш ја обвинуваме Владата или членовите на Владата, како секоја опозициска партија, говорам од 1990 година па наваму, бидејќи на интерен начин систематизацијата што се прави во Министерство за внатрешни работи, во полицијата, според овој закон, а и претходно со другите закони, се предвидуваше, така што често пати сме имале злоупотреба од страна на позицијата на министерот или луѓето кои сносеа одговорност во таа институција. Тоа е во однос на ова дали ќе се прават партиски вработувања или поинакви вработувања, како ќе се направи самата систематизација, во однос на тоа имаме голем знак на прашања. Можеби овој став ќе се уреди и со подзаконски акти, меѓутоа сега, засега, претставува една голема забуна.

Во систематизацијата, каде се врши интервенциа со амандманот, се говори за завршени студенти на Полициската академија. Мислам дека овде треба да се остави простор, доколку министерот не го прифати амандманот предложен од госпоѓа Каревска, во последниот дел од реченицата, мислам дека треба да имаме предвид да се уреди овој став од членот, бидејќи освен студентите на Полициската академија треба да се вклучат и други студенти кои не се припадници на Полициската академија. Со самиот факт, таму каде што има потреба Министерство за внатрешни работи односно Полицијата да вработува, имаме разни случаеви, на пример каде Министерство за внатрешни работи има потреба од квалификувани правници, правници со висок просек, економисти со висок просек и само по себе да се интервенира на време, и закон како закон, член 97 ќе го има својот квалитет како таков.

Пред малку реков, двата става се во спротивност еден од друг, така што мислам дека во текот на систематизацијата можеби ќе се регулира со подзаконски акти, да се има предвид фактот во делот на припадниците на другите заедници, во однос на процентот, како што е учеството, граѓаните на Република Македонија кои живеат во Република Македонија. Министерство за внатрешни работи, Полицијата е една чуствителна институција и секогаш во моите расправи говорам дека таа треба да биде прифатлива за сите граѓани, така што во текот на систематизацијата треба да се предвидат и вработувања во однос на заедниците, согласно на пописот на статистиката. Ви благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Господине Незири, ви благодарам на исклучително конструктивната дискусија. Ви благодарам.

Збор има господин Никола Поповски.

Саката пред паузата за ручек или после, бидејќи сега е точно 13,56 часот?

По ваш избор.

**Никола Поповски:** Јас би зборувал, но немојте да ме прекинувате во 14,00 часот, бидејќи имам намера да говорам 7-10 минути. Доколку ме прекинете би зборувал после паузата. Толку можам да издржам.

**Љубиша Георгиевски:** Затоа ве прашувам, да не ве прекинувам во зборот.

**Никола Поповски:** Ако ме прекинете во 14,00 часот, тогаш после паузата ќе зборувам.

**Љубиша Георгиевски:** Одлучете се сами, оставам потполно на вашата волја.

**Никола Поповски:** Ќе ме прекинете во 14,00 часот?

**Љубиша Георгиевски:** Ќе бараат и другите.

**Никола Поповски:** Тогаш после паузата.

**Љубиша Георгиевски:** Пауза за ручек, еден час.

(По паузата седницата продолжи во 15,00 часот)

**Љубиша Георгиевски:** Ги молам пратениците да ги заземат своите места.

Продолжуваме со седницата.

Има збор господинот Никола Попоски.

**Никола Поповски:** Благодарам претседателе.

Почитувани пратеници, во врска со оваа дебата која малку се оддолжи, меѓутоа, уверен сум дека тендира да биде продуктивна, мислам дека министерката, односно во овој случај предлагачот внесе дополнителна забуна со правењето на паралели кои во овој закон не се нужни. Овој закон не ги уредува односите кои произлегуваат во полицијата на државните службеници. Тие се регулирани со посебен закон, ниту пак Законот за работни односи што го спомена, по мое мислење, иако оставам резерва во некое толкување, Законот за работни односи не е доволен за да се констира дека полицијата од тој закон се раководи. Имено, од овој закон произлегува дека - инаку, за државните службеници е јасно, во овој закон членот 1 кажува: “Со овој закон се уредуваат полициските работи. . . и правата од работниот однос на полициските службеници”, категорија “полициски службеници”. Меѓутоа, не сум уверен дека Законот за работни односи ги исцрпува механизмите за полициските службеници, затоа што во самиот закон се вградени механизми кои се дополнителни на Законот за работни односи и тука можат да се набројуваат членовите, но нема ни потреба во овој момент, членот 95 - “Работен однос во полиција може да заснова...”, па се даваат критериуми, општи услови итн. Потоа членот 96:”При вработување во полиција треба. . . “итн. Значи тука со Законот, дополнително на Законот за работни односи се уредуваат односите во овој случај по конкретниот амандман и за засновање на работен однос. Не е доволен Законот за работни односи, овој закон ќе биде над него и ќе се применува исто така, се разбира ако не е во судир, а се надевам дека не е во судир во овој момент, барем не видов некои извештаи на соодветните комисии на Собранието да кажат дака има колизија.

Втората интервенција на министерката е ова што господинот Манасиевски го кажа. Мислам дека сега конечно работите ги доведува воситуација дека исклучокот во член 97 дава право да стане правило и да е законско ако министерот тоа го праив. Значи тука овој ислучок, иако стои зборот “исклучок”, во текстот на законот е дисперзиран во целосната структура на систематизацијатана работните места во полицијата и тоа напишано со голема буква П, за да се знае дека не станува збор за полицијата како именка туку Полицијата како орган, со големо П член 97 став 2. Органот Полиција мислам дека не би било добро тоа овластување да го има министерот, било кој, не Гордана Јанкуловска, како министер туку било кој министер што овој закон го уредува од следниве причини.

Прво, можна е - не антиципирам ниту прејудицирам - злоупотреба на вработувањата во полицијата дефинирана во овој закон за потребите на другите органи без јавен оглас. Еве да кажам пример. Користејќи го овој закон, може да се вработи лице по член 97 став 2 согласно систематизацијата на работните места во полицијата и утрдента министерот за полиција, во согласност со било кој друг државен орган, да покрене процедура за преземање, што со Законот за буџет е дозволено, на работникот од еден во друг орган. Бидејќи нема ново вработување, преземањето подразбира механизам кој сигурно го знае госпоѓата затоа што работела и на таа проблематика, се префрла со се средствата финансиски. Во тој случај вие добивате службеник во друго Министерство, во Собрание без јавен оглас, тој е веќе вработен, само го преземате со договор на двата органи, а ако не е државен службеник. Тука е отворена вратата за се, државните службеници се сосема на страна. Тоа е едната ситуација, особено ова што господинот Манасијевски гозборуваше што во полицијата овој механизам заедно со други правни акти кои во системот функционираат, на пример, колективните договори, овозможуваат врз основа на овој член материјалната состојба на оваа категорија вработени, значително да се разликува од останатите. Ќе кажам соодветен пример дека тоа не е ништо напамет. Во процесот на трансформација на системот на одбраната на Република Македонија, прецизно трансформацијата на делот од одбраната АРМ кој е најважниот дел, вие знаете дека над илјада луѓе преземавме односно ги префрливме од АРМ во Министерство за внатрешни работи, од Гранична бригада на Армијата во граична полиција, со цел да се трансформира и сега е надлежната полиција. Во тансферот на тие вработени финансиските аспекти на простиот трансфер заради ваквите исклучоци и заради ваквите состојби ја чинеа државата 250 милиони денари на годишно ниво само за делот на граничната полиција, во делот на нивните права и обврски кои произлегуваат од работниот однос, затоа што прво колективниот договор таму на повеликодушен начин ги уредува односите кои произлегуваат од работните права одколку во АРМ, со самиот чин на преземање, а 250 милиони денари за да имаме споредба, Буџетот на Министерство за внатрешни работи во целина е 5,5-6 милијарди денари, значи 5% од Буџетот се зголемува само заради простиот трансфер со вакви односи. Затоа, произлегуваат бројни односи, финансиски, од работни односи, дозволете да кажам и можна злоупотреба, која се сомнева дека може да се прави на вработување и пренесување без јавен оглас на една голема група вработени за потребите на Министерство за внатрешни работи кои сум убеден, тоа го кажав и во првата дискусија, дека нема никаква демократска потреба од тоа. Со ова последно објаснување на министерката и посебно ова дополнување што го кажа господинот Манасијевски, мислам дека овој амандман односно овој член заслужува навистина преработка во насока на прецизирање. Ако тоа Владата не го достави до крајот, а го има тоа право, тогаш јас мислам дека овој амандман заслужува од тие причини да се гласа. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Има збор пратеникот Тале Герамитчиоски.

Повелете.

**Тале Герамитчиоски:** Благодарам претседателе.

Почитувани пратнеици, ќе се обидам во кратки црти да ги образложам забуните кои се јавуваат при читање на вториот дел на членот 97, кој се однесува на правото на засновање работен однос без јаен оглас да се искористи и за стипендисти на Министерството, завршени студенти на Полициската академија. По мое убедување, мислам дека ова е рецидив на старата пракса, бидејќи стипендисти на Министерството на Полициската академија не би требало да има, затоа што Полициската академија сега има поинаков статус, таа е условно кажано од отворен тип, таа е членка на Универзитетот “Св. Климент Охридски” - Битола и работи согласно законите за високо образование, во кое сите студенти се рамноправни со профилите, односно кадрите на другите образовни струки, на другите високообразовни институции. Ако не е така ова тврдење, значи Министерството има еден друг план, една друга стратегија, по која се претпоставува дека ќе се отвори простор за распишување стипендии за студенти на Полициската академија, во тој случај доаѓаме до извесен степен на нерамноправност на сите студенти, бидејќи според бројноста на студентите на Полициската академија, барем во изминатите две до три години таа бројка е значително повисока во однос на онаа бројка која стратешки Министерство за внатрешни работи планирало на подолгорочен рок за вработување. Ммислам дека ова е рецидив на минатите процеси во кои се гарантираше условно директно вработување на сите завршени студенти кои завршуваат на Полициската академија. Би замолил, доколку министерката е волна на своевиден коментар или појаснување во овој дел. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Има збор господинот Оливер Спасовски. Повелете.

**Оливер Спасовски:** Благодарам.

Почитуван претседателе, колеги пратеници, секам уште на почетокт да изразам моја поддршка на овој амандман на членот 97, имајќи предвид две причини. Прво, заради тоа што на овој начин со ваква амандманска интервенција ќе можеме да го усогласиме законот со Уставот. Имено, во главата 2 каде што се основните слободи и права на човекот и граѓанинот, граѓанските и политички слободи и права во членот 9 се опишува дека граѓаните на Република Македонија се еднакви во слободите и правата независно од полот, расата, бојата на кожата, националното и семејното потекло, политичкото или верското уверување, имотната и општествената положба на граѓаните пред Уставот и законите се еднакви. Мислам дека не ги ставаме граѓаните во рамноправна положба заради тоа што со членот 97 во Предлог законот е утврдено дека по исклучок работен однос без јавен оглас се заснова за работни места утврдени со актот за ситематизација на работните места во полицијата и стипендисти на Министерството со завршени студии за Полициска академија. На овој начин мислам дека тука ги доведуваме во нерамноправна положба граѓаните и оние кои се студенти на некои од другите факултети, а посебно имајќи предвид дека на завршените студенти во Полициската академија нема некоја облигаторна обврска која го обврзува Министерството за вработување.

И второ, мислам дека со ваквиот член во Законот ќе го рушиме начелото на транспарентност во однос на вработувањето во Министерство за внатрешни работи. Тоа всушност е и заложба на нас пратениците, но заложба е и на Владата како што се истакнува и имајќи ја предвид таквата заложба мислам дека не треба да придонесуваме на овој начин за нетранспарентни постапки, да внесуваме голем број на луѓе кои ќе бидат во Министерството и мислам дека пред се на ваков начин ќе можат да се искористат заради партиски и политички причини, а квалитетните кадри кои навистина можат да бидат вработени во Министерството по разни основи ќе бидат занемарени. Од тој аспект, сакам да ја повикам министерката да го прифати овој амандман или апелирам до пратениците да дадеме поддршка на овој амандман, се во функција да имаме што поквалитетен закон. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Има збор пратеникот Агрон Буџаку. Повелете.

**Агрон Буџаку:** Почитуван господине Георгиевски, почитувани дами и господа пратеници,

Мислам дека и со овој амандман на госпоѓата Роза Топузова Каревска, истата со овој амандман сака да даде свој придонес за подобрување на овој закон. Закон кој што, ќе нагласам уште еднаш, е полн со нејаснотии и оставам многу простор, како што е случајот со членот 97 за министерот, значи за актуелниот министер, меѓутоа и за идните министри за внатрешни работи на дискреционен и арбитрарен начин да можат да вршат кадровска политика, која не е транспарентна, задолжителна транспарентност во законот и во овој член. Меѓутоа, не сакајќи и да предвидувам за госпоѓата Јанккуловска, кога се говори за неа, меѓутоа, кога се говори за еден закон кој, уште еднаш ќе кажам дека треба да се повлече, меѓутоа е еден од најглавните закони кој е под мониторинг на ЕУ, да не дозволиме кога веќе има и простор и време да се подобри и членот 97, бидејќи госпоѓата Јанкуловска има право да интервенира и на самата седница до крајот на расправата, овде имаме член кој со единствените два става што ги има, во самите два става има противречност затоа што во вториот став се остава можност, и без да има дефиниција во какви случаи какви исклучоци може да имаат право на дискреција на министерот за внатрешни работи, да може да именува луѓе, лица без да ги поминат предвидените процедури и постапки на Законот за државни службеници и практиките кои во една земја која претендира на интеграција во

Европската унија треба да ги почитува. Овој исклучок од друга страна може да биде и позитивен исклучок од аспект на правична и соодветна застапеност на сите заедници во Република Македонија. Меѓутоа, како и да е, нагласувајќи, се знае дека таа работа правична и соодветна застапеност на сите заедници што живеат во Македонија е една од основните точки на Рамковниот договор и Уставот и законите во Република Македонија, меѓутоа, јас сакам да нагласам дека овој став од членот 97, тоа е оставено намерно. Секако дека правичната и соодветна застапеност на сите заедници е барање, услов и одредба што треба да се исполни, меѓутоа, посебно што се однесува до полицијата, бидејќи се знае дека на досегашното ниво на Република Македонија, државата и граѓаните, тоа се одразува преку органите на политицијата бидејќи сето тоа што се случи во минатото и однесувањето на полицијата кон немакедонското население во државата била една од причините за поставување на оваа одредба во Охридскиот рамковен договор со определени утврдени рокови и забрзано темпо за реализација.

Сакам да се надоврзам, господине Георгиевски, бидејќи е многу значајно, тука има еден исклучок кој што се прави, меѓутоа и доколку овој исклучок биде нешто што не го кажа госпоѓа Јанкуловска во своето вербално јавување, за кое што јас се согласувам со моите претходни говорници дека неможе на вербален начин да сае каже нешто кога имаме можност тоа да го имаме напишано и да го поставиме како санкција во закон. Споменувајќи го госпоѓа Јанкуловска дека освен Законот за државни службеници, го имаме и Законот за работни односи, според кој треба да се почитува тоа иод страна на министерот за внатрешни работи во однос на систематизацијата на работните места и во однос на именувањата во Министерството. Како и да е, јас уште еднаш ќе нагласам, се потврди и од страна на госпоѓа Јанкуловска дека овде не станува збор за исклучоци што се однесува на таканаречената позитивна дискриминација за вработувањето на претставниците или кандидатите кои што евентуално би сакале да работат во Министерството за внатрешни работи кои припаѓаат на другите заедници, туку има едно дискреционо право кое што сега се санкционира и со закон и се продолжува таа практика, овие исклучоци, посебно треба да имаме предвид и треба да бидеме внимателни дека овде се работи за едно многу чувствително министерство и ресор, овие исклучоци во минатото, да не бидам лошо разбран, од страна на Георгиевски, како што беше кажано од претходниот говорник дека за кратко време се направени 80 вработувања во МВР. Да не говориме за тоа што се случило, што значи според Законот не би требало да се трансферираат луѓе од Тетово во Источна Македонија, меѓутоа, тоа е една резерва, затоа што можеби актуелниот закон за внатрешни работи на полицијата или на министерот му дозволува да направи трансфери подалеку од 50 километри од живеалиштето и работното место кое што го има. Тоа се правело и досега, но за да не дозволиме злупотреби од оваа природа, во иднина би било добро квалитетно и на прецизен начин во членот 97 и во другите членови од овој закон да се интервенира со цел да не се остави евентуално да има можни злоупотреби и именувања над други критериуми, врз основа на други критериуми, а не врз основа на потребните критериуми, кои што се спроведуваат во другите министерства, како што е образовната подготовка, стручна подготовка, евентулано и потребното работно искуство. Меѓутоа, за работното искуство ќе имаме прилика да говориме во продолжение во однос на амандманите предложени од страна на Владата.

Во оваа прилика уште еднаш ќе нагласам, господине Георгиевски, може да ми скренете внимание, но ова е многу значајно дека во ниту еден член од овој закон не се говори за постигнувањето на правичната и соодветна зазстапеност. На овој начин сакам на елегантен начин да кажам дека се заобиколува и се потценува Охридскиот договор, меѓутоа и одредбите во законот кои што директно се поврзани со Охридскиот договор и непосредно се поврзани со процедурата на постапката на гласање на овој закон во Парламентот, кој што треба да се направи со двојно мнозинство со тој заштитетн механизам, затоа што тоа го гарантира меѓународната заедница. Ќе нагласам став 2 не говори за позитивна дискриминација или начин за постигнување на правична и соодветна застапеност на сите заедници. Не мислам дека изготвувачот на законот или госпоѓа Јанкуловска сега го има тој приоритет, меѓутоа треба да го има, затоа што сите знаеме дека е многу значајно правичното застапување за да се постигне зголемување на довербата, меѓусебната доверба меѓу сите заедници, посебно меѓу двете заедници во Македонија, на македонската и на албанската заедница. Ова се прави со вклучување во структурите во државата, добивајќи не само привилегиите, како што може некој да интерпретира и толкува , но и одговорноста за тоа што е многу значајно за чувањето на јавниот ред и мир во земјата. Мислам дека вербалното обврзување или морално обврзување или пак зборовите на госпоѓа Јанкуловска не се доволни, затоа што имајќи го предвид бројот на амандманите поднесени без нашите амандмани како парламентарна група пред почетокот на седницата на Парламентот каде што на дневен ред го имавме овој закон и нашите јавни изјави и во оваа сала нагласени и повторени во продолжение и понудата што ја дадовме повторно да се разгледа уште во една фаза овој закон, сето тоа е во интерес на изготвување на колку што е можно поквалитетен закон. Во оваа точка, исто така, можеше да се придонесе, за да не се дозволи да се дадат дискрециони права на министерот за внатрешни работи, затоа што ова право до сега често пати се злоупотребувало, но

се остава простор да се злоупотреби во иднина, што не е добар сигнал од прв ред за нас, затоа што сакаме да воведеме демократски стандарди, а не на тој начин како што ни се инсинуира дека тоа го бара Европа, но во прв ред затоа што тоа ни треба нам. Затоа што, исто така, без такви стандарди нема смисла интегрирањето во Европа без европски стандарди, туку со балкански стандардки.

Уште еднаш апелирам за мнозинството да учествува во расправата и на крајот на краиштата како пратеници тоа им е и обврска. Доколку се убедени нека кажат дека се убедени за овој закон,а доколку не се убедени тогаш нека кажат дека не се. На крајот на краиштата го имате и механизмот на гласање. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам на исклучително инспиративниот говор.

Збор има Јакупи Зумрете.

**Зумрете Јакупи:** Почитуван господине Георгиевски, почитувани колешки и колеги пратеници,

Членот 97 остава простор, голем простор за манипулација. Бидејќи, не ги детализира работите и може да има злоупотреби внатре во овој член. Првиот став каде се нагласува дека полициски службеник заснова работен однос врз основа на јавен оглас на начин и под услови утврдени со овој закон. Исто така, ставот 2 кој го спори првиот член, првиот став, каде се вели “по исклучок работен однос без јавен оглас се заснова за работни места утврдени со актот за систематизација на работните места во полицијата и за стипендисти на Минситерството, завршени студенти на Полициската академија”. Ние знаеме дека систематизацијата која е во ресорот на соодветното Министерство, значи во МВР е една бариера со самиот факт дека цензусите се неприфатливи за нас како парламентарна група. Овие цензуси ние ги сметаме како парламентарна група дека се неприфатливи, што е една пречка која неможе да се пробие за што посоодветна застапеност на немнозинските заедници, што се гарантира со Охридскиот Рамковен договор и е уставна обврска. Исто така, стипендистите и студентите на Полициската академија треба да имаат што посоодветна застапеност, значи да биде присутна застапеноста и на другите заедници и на другите институции. На пример, да не се случи како случајот со таа албанска девојка, пред неколку недели која беше одбиена безправно од Полициската академија. Знаеме какви услови нуди овој закон, бидејќи никаде нема припадност на заедниците и има многу недоречености во отсуство на етнички и политички консензус. Затоа би било добро овој закон да се повлече, да се обработи уште еднаш од експерти кои се надлежни и да се достави на нас еден подобар закон, бидејќи имаме можност да имаме подобар закон кој ќе биде во согласност со евроатланските стандарди и реформски закони, а посебно да биде што поблиску до граѓаните. Ви благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Господин Блерим Беџети има збор.

**Блерим Беџети:** Благодарам.

Почитуван господине Георгиевски и почитувани присутни.

Јас првично ќе го поддржам напорот на госпоѓата Каревска со нејзиниот амандман во однос на членот 97 во ставот 2 каде бара овој дел од ставот 2 да се избрише, значи делот за работни места определени со актот за систематизација на работните места во полицијата. Ќе го поддржам овој амандман од прагматични причини, за да им овозможиме на сите да имаат подеднакви шанси во делот на процедурата наречена јавен оглас. Кажав да им овозможиме рамноправни услови и шанси на сите, затоа што, како и некои други членови, исто и во овој член, каде што се интервенира амандмански госпоѓата Роза Топузова-Каревска, јас лично гледам дека се искривува и дека е во колиоција со првиот став во истиот член 97. Во првиот став таксативно се кажува како ќе оди јавниот оглас, значи како ќе се заснива работен однос врз основа на јавен оглас на начин и под услови утврдени со овој закон. Доколку е така веднаш, и е добро што е така, меѓутоа, веднаш во вториот став настојува да се даде на работодавачот право, дискреционо право да одлучи поинаку, повикувајќи се на истиот член.

Ќе си земам за право да кажам дека минатото докажува имало манипулации во овој простор, повикувајќи се на разни членови од Законот, било да е Законот за полиција или за други. Меѓутоа, сега ние расправаме за Законот за полиција, јас ќе се повикам на истиот.

Доколку е прецизирано во првиот став дека работен однос ќе се заснова врз основа на јавен оглас, ќе беше добро предлагачот за да нема интервенции од овој вид, ќе беше добро предлагачот да има додаток на овој став или нов став, било како нека го нарече и да се детализира на прецизен начин кои би биле тие исклучоци за заснoвање на работен однос без јавен оглас. Која постапка би се почитувала за да може еден граѓанин да заснова работен однос или за да стане службеник на органи за внатрешни работи. Ова се причините што ме принудија да се јавам за дискусија и да го поддржам амандманот на гопоѓа Каревска. Не скам многу да се повторувам со моите претходни говорници, меѓутоа уште еднаш ја повикувам госпоѓата предлагач, затоа што овој дел мора да прифатам и да кажам, таа треба да прифати да се избрише овој дел, затоа што се создава манипулативен простор, повикувајќи се на овој став на членот 97, за да се случат злоупотреби и да се избрише терминологијата рамноправни шанси за сите, тие што конкурираат. Врз основа на јавниот оглас, бидејќи претставувам граѓанин на определен ентитет, меѓутоа, сакам да ги штитам интересите на сите граѓани во Република Македонија, тоа е еден товар плус дека, за жал, и во оваа насока минатото докажува дека имало посебно за граѓаните кои што припаѓаат на немнозинските

заедници, кои што се во Република Македонија, повикувајќи се токму на ставови или членови како овој член 97. Значи, биле елиминирани од јавните огласи и ситуацијата е таква каква што е, и после Охридскиот договор, кои што се уставни услови и одредби, ние сеуште немаме правично и соодветно застапување во согласност со Охридскиот договор за заедниците што не се мнозински. Освен тоа што Охридскиот договор е веќе дел инкорпориран во Уставот на Република Македонија, ова се неколку од причините кои што ме принудуваат и јас чувствувам обврска да го поддржам овој амандман, на некој начин да избегнеме, да елиминираме простор, јас си земам за право да кажам манипулативен простор во овој став. Уште еднаш ќе повторам, за да создадеме рамноправни шанси, повикувајќи се на Законот во иднина сите заинтересирани да имаат рамноправни шанси, а не некој да се прими според некои услови утврдени во законот, а некои со исклучоци од овој вид да заснова работен однос без јавен оглас.

Ќе беше добро предлагачот на законот да го прифати амандманот на госпоѓата Каревска, бидјезќи ќе беќе во функција на она што го кажав што ќе создадеше простор и услови за сите, што би биле рамноправни за сите, или пак доколку органот за внатрешни работи има сови специфики што не се соменвам дека ги има, ќе беше добро да се нагласат на такстативен наччин. Значи да се додаде еден став и овој дел каде пишува “ со исклучок” и после ова има запирка, да се прецизира  секогаш во функција на рамноправни шанси и обврските, сега веќе уставни обврски во Република Македонија.

Јас можеби неколку пати веќе сум нагласил, меѓутоа ова е уште една причина или аргумент плус дека на овој закон му е потребна една работа која би била со пореален пристап, со постручен пристап. Затоа крајно време е овој закон, од страна на предлагачот, да се повлече од парламентарна постапка и да се врати подобро доработен и да ги избегне недостатоците кои јас сметам дека ги има. И многу други колеги сметаат дека има недостатоци, со самиот факт што предложиле интервенција преку своите амандмани.

Сигурно дека ќе беше подобро и за државата и за граѓаните, доколку се повлечеше овој зкаон од парламентарна постапка.

Благодарам господине Георгиевски.

**Љубиша Георгиевски:** Говорот ви траеше 8 минути и 29 секунди.

Има збор господинот Хани Тахир.

**Хани Тахир:** Почитувани пратеници, почитувани дами и господа .

Мислам дека господинот Георгиевски има и мерач на време и сигурно ќе го мери времето на нашето излагање.

Господинот Георгиевски уште на почетокот на седницата почна да ни упатува комплименти. И ние ќе ви упатиме комплимент, господине Георгиевски, бидејќи денешната седница е една мирна седница. Доколку се придржувате на Деловникот на Собранието, зависи од вас дали седницата ќе биде конфликтна, или нема да биде. Уште еднаш комплименти господине Георгиевски, бидејќи вие не треба да интервенирате во правата на говорникот, тој да говори така како што вие сакате, туку треба да говори како што тој знае.

Ние сега расправаме за член 97, со една забелешка на пратеникот, госпоѓа Роза Топузова-Каревска, која бара да се интервенира во став 2 од член 97 и нејзината интервенција може да биде дискутабилно прашање и треба да се расправа по истото. Само времето немојте да ни го мерите господине Георгиевски.

По предложениот амандман, во став 2 се дава можност Министерството за внатрешни работи во овој случај, во полицијата имаме вработувања и надвор од пропишаните правила со закон. Јас мислам, доколку ставот 2 комплетно се повлече, тогаш верувам дека, како стипендистите од Полициската академија, но и други лица кои ги исполнуваат потребните услови, сигурно дека нивниот приоритет, со тоа што тие имаат афинитети за вработување во полициските органи, пријавувајќи се на јавен конкурс, секако ќе бидат во предност во однос на другите кои немаат можност да ги исполнат овие услови.. Затоа мислам дека ставот 2 можеби би требало да се повлече во целост и да биде само првиот став од членот 97 каде сите тие кои ќе се вработат во органите на полицијата, вработувањето треба да биде врз основа на јавен оглас. Така ќе има  една рамноправна конкуренција каде сите граѓани ќе имаат можност да се јават и истовремено да се докаже дека на нив не им е направена законска повреда.

Господине Георгиевски, мислам дека парламентарната група на ДУИ и ПДП, уште од почетокот спореше еден целосен закон кој во својата содржина има доста концептуални пропусти, но исто така расправата е поради причината што, сигурно овде постојат две страни како се приоѓа кон овој предлог закон. Но ДУИ овој закон го спореше уште во времето кога  беше во Владата и како резултат на сето тоа имаме еден стабилен став околу овој предлог закон. Затоа, ние како парламентарна група и во овој парламентарен состав, спорејќи го и создавајќи и напнати проблеми на оваа седница,  и на граѓаните им дава можност да се синзибилизира еден  вакон предлог закон и синзибилирајќи еден предлог закон во овие сразмери, тие ќе имаат можност да донесат нивни став околу овој предлог закон. Ние исто така очекуваме на разни начини и облици да се јават разни експерти кои ќе можат да аргументираат во средствата за јавно информирање или на друг начин, со цел да ни укажат на нас или на вас, на нашата страна што го спориме, или на другата страна кои го штитат овој закон, дека спорот на овој закон , од наша страна, е правилен или не е правилен. Така што, во членот 97, јас го поддржувам амандманот на госпоѓа Топузова, сите граѓани да подлегнат на

една рамноправна конкурентност. Но, до денес јас не сум видел, овој Предлог закон предложен во оваа форма како што е предложен, да има еден позитивен одзив од страна на албанското население, да има една поддршка или причина да слушнеме од граѓаните една критика во однос на ставот на ДУИ и ПДП и да ни се укаже дека нашиот став во однос на овој предлог закон, не е во ред. Но, од друга страна, ниту во ова Собрание, ниту од стретставата за јавно информирање, ниту со анализи, текстови, ниту на разни тркалезни маси, ние не слушнавме дека овој предлог закон ги исполнува потребите на граѓаните на Република Македонија на рамноправен начин. Мислам дека ние сме во една фаза кога ДУИ и ПДП не поднесе амандмани и ние немавме можност, или не реагиравме на начин, преку овие амандмани непосредно да ги проследиме во сите суштествени спорови околу овој предлог закон. Но, верувам дека во наредните денови ние ќе имаме можност, член по член и во тие членови каде имате една есенцијална суштина, ќе можеме да ги кажеме нашите забелешки и тогаш можеби ќе дојде до израз тоа наше спорење .

Ме интересираше да го слушнам мислењето на граѓаните. Но, до денес не сум наишол на ниту една реакција која го поддржува Предлог законот, поднесен од страна на Министерството за внатрешни работи, од госпоѓица Јанкуловска. Затоа ние го спориме и ќе стоиме на тој став, независно од финалниот резултат. Сензибилизацијата ќе биде направена на соодветен начин и ќе оди до таа мера што ние ќе бараме една создадена јавност во однос на завршниот резултат од овој предлог закон.

Ви благодарам господине Георгиевски и повторно комплименти за вашето преседавање.

**Љубиша Георгиевски:** Господине Рафис Алити, повелете.

**Рафис Алити:** Уште на почетокот ќе кажам дека тоа што и сите пратеници на ДУИ констатираа дека овој предлог закон не е во ред и треба да се повлече, јас уште на почетокот ќе кажам, ја повикуваме госпоѓата министер да го повлече овој предлог закон затоа што истиот има многу недостатоци. Сега ќе почнам да зборувам за амандманот меѓутоа да кажам дека навистина овој предлог закон има многу недостатоци. Токму поради тоа ние сме загрижени и учествуваме со нашите дискусии по овие амандмани кои се поднесени. Доколку ние поднесевме амандмани, секако дека ќе имаше многу повеќе расправа во оваа насока, за нашите забелешки.

Што се однесува до член 97, став 2 каде се вели- ”по исклучок работен однос без јавен оглас, се заснова за работни места утврдени со актот за систематизација на работните места во полицијата и за стипендисти на Министерствтото, завршени студенти на Полициската академија”.

Сите ние сме свесни дека со вакви членови и вакви алинеи, токму со нив се прават тие злоупотреби кон граѓаните, затоа што секој граѓанин нема врски со министерот, или пак со премиерот, или пак со некој директор внатре во органот за внатрешни работи, за да може да вработи некој свој близок, или барем да се вработи некој што ги исполнува предвидените услови со конкурсот. И ова е еден случај, или еден момент за кој сите треба да размислиме затоа што, чиј интерес е да направиме една дискриминација на граѓаните, за да не бидат граѓаните рамноправни односно со рамноправни шанси. Сите знаеме, доколку се отвори конкурс и доколку истиот се почитува така како што треба и работите дадени во конкурсот бидат прецизни во однос на тоа какви услови треба да исполни еден кандидат, само тогаш граѓанинот може да ги има рамноправните права, или пак тие што конкурираат само тогаш можат да бидат рамноправни меѓу себе и навистина да дојде до израз квлаитетот, а не квантитетот. Вообичаено, со вакви алинеи односно со вакви ставови каков што е овој, ние не само што овозможуваме злоупотреби, туку навистина сите треба да се запрашаме каде одиме со еден ваков закон, со еден ваков став кој ја дава таа можност на министерот , или на некој друг што има влијание според своите можности да ја направи злоупотребата. Меѓутоа, ние како луѓе што го добиле гласот на народот, се разбира дека треба да ги штитиме и заедничките интереси. Општ интерес на сите е работите да се прецизираат. Овој став да се избрише, така како што бара и госпоѓа Каревска со својот амандман на членот 97 став 2, каде вели дека треба да се избирше овој дел од овој член. На тој начин ние ќе си помогниме самите себе а потоа и на граѓаните.

Пред нас се отвараат многу дилеми, кои кадри ќе се вработуваат со тоа дискриционо право на министерорт. Дали ќе се вработат навистина тие кадри кои што заслужуваат, или пак ќе се вработат кадри кои што номожеле да се најдат себеси со конкурсот, и само затоа што се блиско семејство на министерот или пак на некој директор, ќе повторам, или пак се партиски војници или милитанти партиски и ете, кон треба да се изрази благодарност на некој начин, и треба да се систематизира некаде и со овој став ние се овозможуваме себеси, си даваме таков простор. Значи ние пратениците си го додаваме тој простор, му го додаваме на министерот или на некој друг да направи злоупотреба на функцијата. И така мислам дека министрите имаат дискреционни права и други бенифиции кои што не е потребна една таква работа, затоа што доколку објавиме конкурс, со тој конкурс ќе управува министерот или пак неговиот персонал. Токму поради ова велам дека можностите за злоупотреба и понатака, доколку се избрише овој став ќе останат, затоа велам дека и со конкурс тие можати постојат. Еден пратеник од ДУИ го кажа тоа што се случува во Полициската Академија, значи не само оваа година туку години со ред каде се дискриминираат учениците албанци, што конкурира таму. Значи, тоа не е гаранција доколку се избирше овој став, и доколку

се прецизира дека треба да има конкурс за граѓаните да бидат на рамноправно ниво, повторно тоа не е гаранција дека нема да има злоупотреби, што значи повторно министрите или пак другите во неговиот персонал ќе може да го имаат тој простор, да ги избираат своите братучеди итн, како што и се случувало со оваа Влада.

Го повикуваме парламентарното мнозинство да се изрази позитивно во оваа насока, или пак госпоѓата министерка да го прифати амандманот на госпоѓа Каревска и со тоа колку толку ќе овозможи барем малку да се исправи или поправи затоа што целиот закон не е во ред.

Јас ќе укажам и тоа, доколку се отвореше јавна расправа за овој предлог закон или пак за овој амамдман и да излезевме пред граѓаните за тие да видат што им се сервира, што им се нуди нив и што се се предвидува со овој предлог закон, јас сум длабоко убеден не само албанците туку и македонците и другите заедници немаше да дадат поддршка на овој предлог закон, затоа што сите бараат реформи. Сите бараат да чекориме напред. За жал, велам за жал, иако од оваа Влада се очекуваше да донесе нешто ново, се преземаат стари закони, се копираат, се с;ервираат на Собранието итн, нешто што не е добро за самото парламентарно мнозинство.

Затоа уште еднаш ќе апелирам до претставникот на Владата да земе збор и навистина да ни образложи со тие подзаконски акти дали навистина ќе се соочува, дали воопшто има критериум со кој што ќе се заштити конкуренцијата итн, или пак свесно така како што работеле и порано, така ќе работат и со вас како парламентарно мнозинство и со владите што доаѓаат после вас.

Значи, свесно оставаме простор за злоупотреба, ќе кажам уште еднаш за да вработиме партиски војници, да ги вработиме своите блиски итн. И доколку остане вака овој став, тогаш навистина во една толку чувствителна област нема да можеме да говориме веќе за некој квалитет така како што и се случува во денешницата. Значи, секогаш кога се прават вработувања без критериуми, се знае кој страда. Страдаат институциите затоа што луѓето кои што засноваат работен однос на овој начин тие не се во состојба да управуваат со тие институции утре, затоа што ја немаат потребната подготовка.

И знаејќи затоа што се сите свесни дека овие работи се така, тогаш не гледам причина зошто сите да не размислиме поинаку. Јас уште еднаш ќе апелирам, повлечете го овој закон, затоа што навистина е закон кој што има многу недостатоци. Закон со толку недостатоци да се инсистира да помине во собраниска процедура, мислам дека не е во ред.

**Љубиша Георгиевски:** Има збор Теута Арифи.

**Теута Арифи:** Ви благодарам.

Почитувани пратеници, сакам накратко да говорам во однос на овој амандман поднесен во член 97 бидејќи можеби во овој амандман малку на специфичен начин може да направиме еден осврт за да ова го објасниме на едноставен начин и можеби поспецифичен начин. Нашата општа забелешка е во однос на прашањето на транспарентноста и контролата во однос на полициските постапки и врз сета постапка на изградбата на овој значаен систем кој ја нема само безбедносната димензија, туку истовремено ја има и димензијата на изградбата на значајни внатрешни демократски односи во земјава.

Овој амандман мислам дека ни ја дава можноста да го оствариме прашањето на кадровските нетранспарентни политики и ни дава можност за елиминирањето, или отстранување на дискреционото право што ќе ја отстрани нетранспарентноста во моментот на склучување на работни односи како што се предлага без јавен оглас.

Почитувани пратеници, дискреционото прашање и на работните односи без јавен оглас не е некое ново прашање, или нов проблем во нашава земја. Тоа е едно прашање кое ги засегна и поранешните влади и претходните влади и целата историја на нашиот транзиционен развој.

Можеби до денес за овие 15 години успеавме да имаме една поука која важи за сите без оглед доколку се говори за позиција, или опозиција и дека создавање на работни односи на нетранспарентен начин и без јавен оглас не им служи на процесите и често пати во многу случаи им се враќа негативно, или се враќа како бумеранг имено на тие кои евентуално во име на моќта, или на разните служби можат да ги склучат тие работни односи.

Вториот аспект е и прашањето, во отсуство на една таква транспарентност не дава можност да се контролира соодветната застапеност која е од голем интерес за сите граѓани на Република Македонија.

Јас сакам да подвлечам, правичната застапеност не само етничката, туку истовремено и застапеноста на полова рамноправност, значи правичната застапеност и на мажите и на жените во една полициска структура која често пати во целост се третира како едно место кое му припаѓа типично на машкиот пол. Надевајќи се дека министерот е жена и надевајќи се дека ќе направи повеќе во промоцијата на половата рамноправност, мислам дека транспарентноста во процесот на склучување на работен однос обезбедува една поголема контрола, имено на овие значајни демократски начела кои од една страна произлегуваат од Охридскиот рамковен договор за кои сме посебно заинтересирани и мислам дека сите пратеници се посебно заинтересирани.

И вториот аспект на односот на балансиран полов однос што е посебно значајно за полициските постапки посебно во состојби кога полицијата треба да интервенира во случаи на семејно насилство, или чувствителни моменти кога учеството, или застапеноста на жените мислам дека е клучна за многу значајни процеси.

И на самиот крај, мислам поаѓајќи од фактот дека во целост полицијата е една исклучително чувствителна институција по својата сила, ние преку законите во однос на полицијата треба да направиме повеќе за да се измени смислата во однос на полицијата во земјите во транзиција која од еден насилен апарат во минатото треба да премине и да се изгради во еден сервис на граѓаните, бидејќи тие заслужуваат нешто такво.

Во име на овие вредности кои мислам дека и покрај се поаѓајќи од сите овие критики кои ги претрпува овој закон, не се застапени како што треба внатре во законот.

Дозволете ми и јас да го повторам тоа и мислам дека повторувајќи се почесто можеби повеќе ќе дојде до увото на тие што треба да го слушнат, овој закон да се повлече за да најде едно место, за да воспоставиме вредности не кои се од интерес на ДУИ и ПДП, туку вредности на правичната застапеност на сите граѓани во Република Македонија.

**Љубиша Георгиевски:** Процедурално господинот Џеват Адеми.Повелете.

**Џеват Адеми:** Благодарам.

Ние како парламентарна група бараме еден час пауза поради активности кои што ги има парламентарната група, се разбира и највисокиот врв на партијата. Така што значи вообичаено е претседателот на Собранието да каже, пауза од 15 минути, меѓутоа јас верувам дека сега нема да каже толку.

**Љубиша Георгиевски:** Пауза од половина час по барање на пратеничката група на ДУИ и ПДП.

(Пауза од 16,11 часот)

(По паузата седницата продолжи со работа во 16,45 часот)

**Љубиша Георгиевски:** Продолжуваме со работа.

Има збор пратеникот Џеват Адеми.

**Џеват Адеми:** Благодарам господине Георгиевски,

Ценам дека амандманот предложен од страна на госпоѓата Топузова за членот 97 односно интервенцијата во вториот став на суштински начин дава разврска на нашата ориентација на сите нас.

Ценам дека идеа била и на пишувачот на овој закон, во овој случај и на предлагачот, претставникот на Владата, за реформи во полицијата. Доколку целта не беше и овој значаен сегмент на функционирањето на државата да се реформира немаше да има потреба да донесеме нов закон. Меѓутоа, дозволете да ве потсетам дека реформата како филозофија не прифаќа или прифаќа со тешкотија категорија на исклучување. Значи, ќе се менува тука и тука со исклучок на ова и ова. Дозволете да ве потсетам, самиот почеток на ставот “по исклучок” значи исклучување, значи избегнување или застранување од општата ориентација на филозофијата која ги раководела авторите и во конкретниот случај предлагачот на овој Предлог закон.

Сакам да верувам дека и претставникот на Владата во овој случај не е убедена во правилноста на формулацијата не само концептуално, туку возврат. Сметам дека оваа формулација не соодветствува со стандардите дури сум подготвен да го прифатам исклучокот за кадетите од Полициската академија иако ова е некој вид на унапредување во споредба со другите квалификувани кадри со самиот факт што со конкурсот за прием на Полициската академија државата се обврзува да им заснива работен однос. Сметам дека бришењето на овој дел од ставот 2 не само што ќе го растеретеше текстот, туку ќе не поштедеше од една опасност.

Еден од претходните говорници ја спомна и нацијата. Сакам да верувам дека оваа формулација во овој член е прашање на инерција, прашање кое како практика ја следела работата или политиката на вработување во редовите на полицијата и зошто да не кажам во целото Министерство за внатрешни работи. Како последица на ова однесување за инерција ни се јавува појава на рецидив.

Што подразбирам под опасноста на рецидив? Поради слободата на толкување и однесување кое го гарантира овој член, до колку остане вака како што е, утре може да ни се случи партизирање на полицијата. Со проценка на слободна волја на овој или оној полициски службеник, на овој или оној раководител дури и на самио титулар на тоа Министерство може да ни се случи за партиски заслуги овој или оној партиски партизан да се именува без конкурс со внатрешна одлука која е дискутабилна на деликатни, чувствителни позиции, позиции кои никому од нас не му текнува ниту ни е на памет да го зарази овој сектор кој сакаме да го реформираме.

Зошто го подржувам амандманот на почитуваната колешка? Не само заради овој член, не само заради овој закон, секаде во секоја норма исклучоците во најдобар случај оставаат место за сомнеж. До колку продолжиме според оваа логика оставаат место за злоупотреба и како последица на злоупотребите ни се случуваат дејанија на кои и денес не сме имуни. Денеска во духот на оваа логика на заснoвање на работен однос без јавен оглас ни се случуваат неквалитетни замени, што сите ние не само како парламентарен состав, не само како одговорна класа на носители на волјата на граѓаните, многу лесно можеме да го решиме.

Дозволете ми гласно да кажам тука го гледам тој конфликт и тој дух на недостаток на соработка и комуникација. Зошто толку упорно предлагачот, во овој случај претставникот на Владата, не прифаќа еден многу логичен амандман кој и нејзе лично ќе и ја олесни работата. Во најдобар случај ќе биде помалку жртва на утрешни шпекулации дека на нетранспарентна постапка, со субјективно толкување или искористување на оваа формулација го направила ова или она заснoвање на работен однос без јавен оглас.

Сакам да верувам дека не е ниту целта на предлагачот, во овој случај, сакам да бидам уште понапреден, верувам дека не бил предлог ниту на авторот на овој Предлог закон, но, за жал, и акцијата и духот на наметнување на старата логика во најдобрите намери се случува да се наметнат вакви формулации.

Оваа формулација освен други административни импликации на кои ќе наидеме во иднина имајќи го во предвид Законот за работни односи, имајќи го во предвид Законот за државна и јавна администрација оти треба да признаеме дека сите овие не се независни една од друга.

Зошто толку лесно се одбива едно интервенирање кое во суштина уште порано ќе не амнестира од дефекти кои се неизбежни. Доколку јас денес лично и персонално можам да верувам во добрата намера, во правилната определба на претставникот на Владата, која е гаранцијата овој или оној службеник на ова или на она раководно управувачко ниво во полицијата нема да направи прекршок не само на постапката, туку и на суштината на функционирањето на овој закон со засновање на работен однос без јавен оглас.

Јавниот оглас, почитувани, гарантира транспарентност, гарантира масовно учество, гарантира почитување не само на овие предвидени норми во членот 95, туку и се друго што се подразбира. Затоа во духот на конструктивната атмосфера создадена денеска во ова продолжение на седницата, апелирам до парламентарното мнозинство, ова е најмалку што може да се направи, да се прифати амандманот предложен од нашата почитувна колешка пратеничката Роза Топузова-Каревска.

Јас сакам да верувам дека мнозинството од присутните интимно е убедено дека предлагачот е во право. Доколку не е така дури тогаш имаме проблем. Дури тогаш сета ова вознемереност, сета ова скепса, сомнеж е многу повеќе од реално.

На крај од мојот говор дозволете ми да кажам дека сето ова аргументирање на потребата од подобрување на текстот, сето ова нагласување на дефектите кои овој Предлог закон ги содржи во себе уште повеќе ме убедува во злоупотребата дека сите ние и како парламентарно претставување тука и како класа на политичари, зошто да не кажам и како држава имаме потреба од овој закон кој во себе има непрецизности, неточности и од оваа природа треба повторно да се отвори јавна расправа, треба да се создаде клима на широк консензус.

Ова може да се случи само доколку претставникот на Владата, доколку предлагачот во овој случај го повлече овој закон. Благодарам господине Георгиевски.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Нека говели господинот Садула Дураку.

**Садула Дураку:** Господине Георгиевски, госпоѓа Јанкуловска,

Сакам да и честитам на нашата колешка Роза Топузова-Каревска за нејзиниот придонес по однос на измената и уредувањето на овој Предлог закон кој е поднесен во ова Собрание, кој го имаме пред нас каде има доста разумни интервенции и прагматични интервенции за уредувањето на членот 97 и многу други членови кои ги имаше предложено во амандманска расправа по однос на засновање на работен однос во институцијата полиција.

Полицискиот службеник заснова работен однос врз основа на јавен оглас на начин и под услови утврдени со овој закон. Ова е цитирано во ставот 1 од членот 97. Овој став е во противречност или во судир со ставот 2 од истиот член 97, по исклучок работен однос без јавен оглас се заснова за работни места утврдени со актот за систематизација на работните места во полицијата и за стипендисти на Министерството за внатрешни работи завршени студенти на Полициската академија. Тоа значи дека со овој член господар на сите тие кои сакаат да создадат работни односи во Министерството за внатрешни работи е самиот министер. Госпоѓата Топузова-Каревска мисли да го подобри текстот предложен од госпоѓата Јанкуловска, но не наиде на разбирање за да го прифати овој предложен амандман кој за мене е доста прагматичен од едноставна причина да засноваш работен однос во Република Македонија во време кога прашањето на економските и социјалните проблеми се толку тешки, е една света обврска. Во оваа света обврска преку овој закон и овој член на граѓаните на Република Македонија им се негира, им се оспорува тоа право, што значи им се крши едно уставно право каде е неминовно да се почитува Законот за работни односи, исто така и Законот за државни службеници вака ад хок со овој став од овој член полицијата и полициската институција станува партиска институција.

За да не ни се случи ова зло, од овие причини реков госпоѓа Топузова има прагматизам со својот амандман, па би било добро институцијата Влада и госпоѓа Јанкуловска да ги прифати сугестиите и да го прифати амандманот и да го воведе предложениот амандман во членот 97. Ви благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Господинот Фазли Велиу има збор.

**Фазли Велиу:** Господине претседател на Собранието, дами и господа, колешки и колеги, госпоѓо министер, доволни беа дискусиите на парламентарната група на ДУИ и на ПДП, меѓутоа, како такви малку се прифатија тука и јас сум принуден да ги кажам моите зборови поддржувајќи ги потполно дискусиите во согласност со членот 97, посебно ставот 2 и амандманот предложен од колешката Топузова-Каревска.

Во законот е засегнат и овој сегмент од Законот за полиција. Некој ова може да го земе како ад хок работа и како наша намера да се јавуваме тука како тенденциозни дискутанти. Меѓутоа, се

случува спротивното. Ме зачудува фактот што во оваа дискусија, во овие седници не учествува ниту еден од коалицијата, ниту премиерот, ниту еден владин претставник да земе збор да каже нешто, да не упати во сегашните развојни времиња кои се многу тешки, но исто така и значајни за земјата.

Недозволувањето на дискутирањето на пратениците, посебно на пратениците кои сега се во опозиција, иако им е местото во позиција, истовремено неприфаќањето на сите наши забелешки за давање на наш придонес кон ова значајно прашање. Токму затоа закам да дискутирам за систематизирањето внатре во институцијата на Полицијата.

Доколку ова беше одвоено, доколку оваа институција на Полицијата немаше никаква врска со правдата, со условите, со статутот на институцијата на Полицијата, таа тесна врска со граѓаните што истовремено е поврзано со кадрите во Полицијата во смисла на педагошки услуги, однесувањето меѓу граѓанството, особено во една мултиетничка држава, тогаш ќе беше сосема поинаку. Меѓутоа, оваа институција не е одвоена како што е предвидено во ставот 2. Оваа институција е заедничка. Затоа, овој став треба колку што е можно побрзо да се избрише, а истовремено да се дискутира за целиот закон што е поднесен како Предлог-закон од Владата. Внатрешните прашања на оваа институција можат да се направат во нивното систематизирање само за кадри што се високи кадри, со квалификуван стаж, кои истовремено имаат голем афинитет и докази за нивното работно искуство. Меѓутоа, не можат да бидат систематизирани според односите, блискоста или пак според желбата на оние кои раководат со оваа институција, било на највисоко ниво во Министерството, било од децентрализираните позиции, тоа значи општините.

Ваквите прашања што, според мое мислење се некоординирани, неприфатени од сите пратеници, ние имаме информација дека и самите тие кои го поддржуваат молчешкум овој амандман, меѓутоа и тие кои го поддржуваат говорејќи за ова не го прочитале законот. Имаме информации, исто така, дека и внатре, внатрешни информации, дека самата министерка го зела овој Предлог-закон и го поднесува без многу да размисли за тоа какви последици ќе има од поднесувањето на Предлог-законот. Јас верувам дека самата таа, еве велам, самата таа и самото Министерство ќе имаат хаос внатре во институцијата, затоа што многу работи се нејасни и се проследени од поранешниот пермиер и оние кои индивидуално работеле околу ова прашање, без адекватна подобност во оваа значајна област.

Слободно можам да кажам, доколку сите вие не дискутирате и не интервенирате, иако имаше движења од десната страна денеска, од наша страна имаше неколку дискусии во прилог, доколку оваа дискусија не ја продолжат и опозицијата и позицијата, доколку ова не се продискутира уште еднаш во Владата, слободно можам да кажам дека се прави првата дискриминација на оваа Влада кон еден закон во целост, а особено законот за полиција.

Дискриминацијата ја прочитав вчера и завчера, можете да ја направите во оваа форма и кон стутосот на институцијата Полиција и во општините, затоа што е во директен судир со децентрализацијата, каде што треба да се делува законски, отворено, во смисла на конкурирањето и прием на нови кадри, во смисла на употребата на јазиците и на внатрешните акти што се статутарни.

Ставот 2, можам да кажам дека е сличен со минатото време кога владите, посебно власта на Министерството за внатрешни работи илегално поставуваше вработувања во Полицијата. Можам слободно да кажам дека тогаш луѓето се условуваа за прием во Полицијата и беа во спротивност со високиот едукативен морал на оние кои го чуваа редот и мирот и се бореа против корупцијата, кражбите и организираниот криминал. Оваа одлука, доколку оди подлабоко, се плашам дека може самото Министерство да почне внатре во себе да почне со нарушување на јавниот ред и мир на граѓаните.

Јас сеуште не сум наишол на ваква форма на систематизација или проекти на Полиција ниту во Швајцарија, каде има напредок во оваа област и сеуште не е достигната кулминацијата, не сум наишол на ова ниту во Белгија каде имаме пример на меѓуетнички соживот и каде што во администрацијата и надвор од неа луѓето се рамноправни како при конкурирањето, така и при давањето придонес кон своите граѓани. Затоа, слободно можам да кажам дека Предлог-законот за Полиција ставот 2 на членот 97 претставува прв случај во рамките на меѓународните закони за полиција, како таков или најдобриот или најлошиот, јас велам дека е најлошиот закон. Затоа, да си ставиме прст на чело, сите да размислиме и да донесеме закон каков што треба за оваа институција, која е институција на народот и институција на државата.

Што се однесува до законот, сум на мислење како и сите дека уште еднаш треба да се разгледа и повторно да се поднесе во Собранието, подобрен, унапреден и заедно со владините претставници и со премиерот да се дискутира како што треба и на потребното ниво во Собранието на Република Македонија.

Благдоарам на вниманието.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Јакупи Зимрете има збор.

**Зимрете Јакупи:** Господине претседателе, почитувани пратеници,

Сакам да кажам и мое мислење, како и другите пратеници кои расправаа во однос на амандманот на госпоѓа Роза Топузова-Каревска која интервенира со своја забелешка по однос на членот 97, во однос на ставот 2, каде што таа бара да се избрише целосно делот за работните

места, потврдени со активе за систематизација за работни места во Полицијата.

Анализирајќи го овој зафат на госпоѓа Роза Топузова-Каревска во однос на ставот 2 се согласувам дека навистина треба да се избрише овој дел како непотребен, во овој став. Непотребен е, бидејќи не треба да се создаде една привелегирана позиција во однос на вработувањата од страна на министерот или другите за партиски вработувања.

Се согласувам да се повлече предложеното, поткрепувајќи го со членот 6 од Законот за работни односи, каде што се вели: Работодавачот не треба на граѓанинот кој бара работа или кандидатот за вработување односно работникот да му, односно ова лице да го стави во нерамноправна состојба поради неговата волја, полот, возраста, здравствената состојба, односно инвалидноста или поради причини на вероисповест, политичкото уверување или други негови уверувања, членство во некој синдикат, националното потекло или социјалното потекло, фамилијарниот статус, економската состојба, половата ориентација или околности кои се разновидни и разни. На женскиот пол и машкиот пол треба да им се обезбедат рамноправни можности и ист третман...

**Љубиша Георгиевски:** Држете се за темата ве молам. За тоа имаме Комисија за еднаквост меѓу половите. Тоа се други теми. Држете се до амандманот.

**Зумрета Јакупи:** Значи, целта е на машката и женската популација да им се обезбеди рамноправна можност и рамноправен третман во текот на заснoвање работен однос, во текот на напредокот на работното место, во однос на школувањето, преквалификацијата, во текот на нивното усовршување и исто така платите треба да бидат рамноправни. Тука се и наградите, отсуствата од работа, работното време...

**Љубиша Георгиевски:** Ве молам, дискутирате по стота тема. Ова ви е втора дигресија.

**Зумрета Јакупи:** Не, ова е во ред. Само морам да ги поврзам работите.

**Љубиша Георгиевски:** Внимавајте, тука нема ништо во врска со ова. Овој амандман нема ништо во врска со рамноправноста на половите...

**Зумрета Јакупи:** Почитуван Георгиевски...

**Љубиша Георгиевски:** со нивните плати, тука нема ништо воопшто заедничко. Продолжете, продолжете.

**Зумрета Јакупи:** По се изгледа јас не ви одговарам и вие исто така не ми одговарате почитуван господине Георгиевски.

Уште еднаш сакам да повторам дека по овој Предлог-закон има многу недоречености...

**Љубиша Георгиевски:** Не треба да си одговараме.

**Зумрета Јакупи: О**вој Предлог-закон има суштествени недоречености, па затоа барам да се отворат суштествени преговори за постигнување на еден консензус, политички, етнички, повлекувајќи го Предлог-законот од парламентарната постапка. Ви благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Ви благодарам.

Збор има Салиу Селвије.

**Селвије Салију:** Благодарам.

Почитувани пратеници, верувам дека сите вие сте го прочитале или пак сте го погледнале овој Предлог-закон, конкретно членот 97...

(Пратеник се консултира со претседателот).

**Љубиша Георгиевски:** Ве молам продолжете.

**Селвије Салију:** Господине Георгиевски, бев принудена да ве пречекам вас да завршите со разговорот. Благодарам.

Почитувани пратеници,

Верувам дека сите вие сте го прочитале или пак сте го погледнале Предлог-законот, конкретно членот 97, член што навистина, кога сте го прочитале, а верувам дека сте го прочитале и сте увиделе јасно дека ставот 1 од овој член и ставот 2 се во спротивност. Тие се во сериозна спротивност што засегаат едно многу значајно прашање.

Членот 97 вели “Полициски службеник заснова работен однос врз основа на јавен оглас, на начин и под услови утврдени со овој закон”. Значи овде е јасно нагласено дека заснова работен однос врз основа на јавен оглас, на начин и под услови утврдени со овој закон.

Меѓутоа, во ставот 2, тој е во спротивност, ќе нагласам уште еднаш е во спротивност со ставот 1 и таму вели: “По исклучок, работен однос без јавен оглас се заснова за работни места утврдени со актот за систематизација на работните места во Полицијата и за стипендисти на Министерството, завршени студенти на Полициската академија”. Тука јасно се гледа и нема потреба многу да се говори. Верувам дека сите разбрале дека еднаш се говори за работен однос врз основа на јавен оглас, а потоа работен однос без јавен оглас.

Тука се поставува уште едно прашање и дилема, кои се тие работни места тука утврдени, што значи дека тука е дилемата во однос на тоа дека овие места може да ги утврди органот кој раководи со оваа институција и тука се врши една дискриминација кон еден дел од граѓаните на кои им се одзема правото за вработување.

Знаеме дека секое вработување треба да биде со јавен оглас. Тука доаѓаме во противречност и со Уставот и со Законот за работни односи и другите закони што јасно го уредуваат ова прашање и материја на вработувањето на граѓаните. Јасно разбираме дека имаме искривено дефинирање и се остава простор на некого да манипулира и да го оспори тоа право на вработување каде што, според Предлогот што треба да се повлече, имаме уште нешто друго што, за мене, и не е толку прифатливо. Тоа значи само за завршени студенти на Полициската академија или за стипендисти на Министерството.

Доколку конкурсите за определени работни места се објавуваат само со исполнвуање на овој услов, тогаш е во ред. Меѓутоа, во институцијата на Министерството за внатрешни работи не мора да значи дека може да се вработат само оние лица кои имаат завршено Полициска академија. Знаеме дека оваа институција, а тоа го бара времето и потребата, има потреба од правници, во своите рамки има потреба и од други кадри кои можат да раководат со овие институции.

Уште еднаш ќе спомнам, иако пратениците можеби и го погледнале законот, меѓутоа од целата расправа што денеска ја слушнавме, верувам дека сето тоа ќе ги принуди да бидат малку појасни во анализирањето и да го разберат значењето на ова интервенирање врз овој амандман, а со тоа јасно да разберат дека овие два става на членот се во противречност. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Бидејќи времето одминува, предлагам овде да ја прекинеме оваа седница, па утре да продолжиме во 11,00 часот со новата седница.

Значи имаме нова седница во 11,00 часот, а по завршувањето на новата седница што ќе започне во 11,00 часот ќе продолжиме со продолжувањето на оваа седница што ја прекинуваме сега.

Благодарам на соработката на сите.

(Седницата прекина со работа во 17,24 часот)